UDK 347 961 | ISSN 1857-5854



број 38 | декември 2021 | година 21

38

## НОТАРСКА КОМОРА
## НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

# НОТАРИУС

**CHAMBRE DES NOTAIRES**
DE LA RÉPUBLIQUE
DE MACÉDOINE DU NORD

38

НОТАРСКА КОМОРА
НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

# НОТАРИУС

CHAMBRE DES NOTAIRES
DE LA RÉPUBLIQUE
DE MACÉDOINE DU NORD



Издавач:
**НОТАРСКА КОМОРА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

Главен и одговорен уредник:
нотар **Светлана Китановска**

Редакциски одбор (по азбучен ред):
нотар **Јасмина Карталова Баснаркова,**
нотар **Нашата Велеска,**
**Садула Изаири,** судија во Основен суд Тетово
Проф. д-р **Горан Коевски,** редовен професор на Правен факултет „Јустинијан Први“ Скопје
нотар **Прпарим Реџепи,**
нотар **Цеца Малева Стоев,**

Адреса:
**НОТАРСКА КОМОРА НА РСМ**
бул. „8 Септември” бр. 2/2, 1000 Скопје,
Тел.: 02 3115 816
Секретар: 078 219 867
e-mail: contact@nkrm.mk
www.nkrm.org.mk
Даночен број: МК 4030998346127
Жиро сметка: 240010000006382
УНИ БАНКА АД Скопје

Лектор:
**ДАНИЕЛ МЕДАРОСКИ**

Графички дизајн и техничко уредување:
**СТУДИО КРУГ Скопје**

Печати: **МАРИНГ Скопје**

Тираж: **300** примероци

Изнесените ставови и мислења и презентираните факти во трудовите објавени во Нотариус се на авторите и не секогаш ги одразуваат ставовите и мислењата на издавачот.

Дел од терминологијата која се користи во текстовите, специфична за проблематиката на темите во весникот, е оставена онака како што мислеа авторите, без поголема лекторска анализа.

Од лекторот

# НОТАРИУС 38

## СОДРЖИНА >>

**ГЛАВА I**
СТРУЧНИ ТЕМИ . . . 5

РЕГИСТАРОТ НА ТЕСТАМЕНТИ - ГАРАНТ ЗА ПОЧИТУВАЊЕ НА ПОСЛЕДНАТА ВОЛЈА НА ЗАВЕШТАТЕЛОТ
д-р Ангел Ристов - редовен професор на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје . . . 7

НОТАРСКА ИЗВРШНА ИСПРАВА
Теофил Томановиќ, судија во пензија . . . 18

**ГЛАВА II**
ИНТЕРНИ АКТИ НА НОТАРСКАТА КОМОРА . . . 27

ПРАВИЛНИК ЗА ЗА ДИСЦИПЛИНСКА ОДГОВОРНОСТ И ДИСЦИПЛИНСКА ПОСТАПКА
НА НОТАРСКАТА КОМОРА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА . . . 29

ПРАВИЛНИК ЗА ПОСТАПУВАЊЕ ПО ПРЕТСТАВКИ, ПРЕДЛОЗИ И ИНИЦИЈАТИВИ
ЗА ПОВЕДУВАЊЕ НА ДИСЦИПЛИНСКА ПОСТАПКА ПРОТИВ НОТАР,
ЗАМЕНИК-НОТАР И НОТАР КОЈ ПРИВРЕМЕНО ЈА ВРШИ СЛУЖБАТА . . . 39

ПРАВИЛНИК ЗА РАБОТА НА СТРУЧНИОТ СОВЕТ НА
НОТАРСКАТА КОМОРА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА . . . 42

**ГЛАВА III**
МАТЕРИЈАЛИ УТВРДЕНИ ОД СТРУЧЕН СОВЕТ
И УСВОЕНИ ОД УПРАВЕН ОДБОР . . . 49

ПРАВНО МИСЛЕЊЕ ЗА ПРОМЕТ НА НЕДВИЖНОСТ СО И.БР. ПРИБЕЛЕШКА . . . 51

ПРАВНО МИСЛЕЊЕ ЗА УТВРДУВАЊЕ ИДЕНТИТЕТ НА СТРАНЕЦ . . . 54

ПРАВНО МИСЛЕЊЕ ЗА ПОСТАПУВАЊЕ НА НОТАР ВО НПН ПОСТАПКА КОГА ДОЛЖНИКОТ Е СТРАНЕЦ . 56

ПРАВНО МИСЛЕЊЕ ЗА ПРИМЕРОЦИ ОД ОСТАВИНСКИ РЕШЕНИЈА И ДОСТАВА . . . 58

ЗАКЛУЧОК ЗА ШТЕМБИЛ ЗА ПРЕВОД . . . 61

ЗАКЛУЧОК ЗА СОГЛАСНОСТ ОД ХИПОТЕКАРЕН ДОВЕРИТЕЛ . . . 62

**ГЛАВА IV**
ЈАВНИ ОПОМЕНИ . . . 65

# СОДРЖИНА >>

**ГЛАВА V**
ИНФОРМАЦИИ ЗА НОТАРИ . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . **69**

ИМЕНИК НА НОТАРИ . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . **71**

ИМЕНИК НА ПОМОШНИЦИ НОТАРИ . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . **97**

СПИСОК НА НОВОИМЕНУВАНИ НОТАРИ ВО 2021 ГОДИНА . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . **99**

СПИСОК НА ПЕНЗИОНИРАНИ НОТАРИ ВО 2021 ГОДИНА . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . **100**

# ГЛАВА I

## СТРУЧНИ ТЕМИ

# Регистарот на тестаменти – гарант за почитување на последната волја на завештателот

**проф. д-р Ангел Ристов***

***Апстракт:*** *Тестаментот претставува изјава на последната волја на завештателот со која тој располага со својот имот за случај на смрт. Почитувањето и исполнувањето на последната волја на завештателот не е само од приватен интерес на завештателот и на тестаменталните наследници, туку и од јавен интерес.*[1] *За да дојде до тестаментално наследување неопходно е тестаментот да биде полноважен и тестаменталниот наследник да го прифати наследството. Со оглед дека тестаментот како правно дело* **mortis causa** *произведува правно дејство во моментот на смртта, во практиката често се поставува прашањето дали завештателот оставил тестамент и каде истиот се наоѓа. Доколку не се познати овие информации за нотарот и наследниците, не може да дојде до тестаментално наследување. Во трудот авторот го анализира прашањето за чување на тестаментот и придобивките од воведувањето на регистарот на тестаменти во остварувањето на наследните права.*

***Клучни зборови:*** *тестамент, тестаментално наследување, регистар на тестаменти, нотар.*

## Вовед

Тестаменталното наследување се засновува на еден од најзначајните принципи на граѓанското право - слободната иницијатива. Овој принцип во теоријата е уште познат како автономија на волјата.[2] Во наследното право тој се изразува како слобода на тестирање[3] и најмногу доаѓа до израз во сферата на тестаменталното наследување.[4] Исклучиво од слободната волјата на завештателот зависи дали тој ќе состави тестамент, во која законска форма, кого ќе определи за универзални наследници и сингуларни наследници, колкава ќе биде големината на наследните

[1] Види кај И. Русчев, Към въпроса за дуализма на частното право. - *Сьвр. право*, 2000,№ 6, стр.74-87.

[2] Повеќе за ова види кај: Д. Поп Георгиев, *Граѓанско право*, Универзитет во Скопје, 1966, А. Групче, *Имотно (Граѓанско) право, Општ дел*, Култура, Скопје, 1983; А. Гамс, *Увод у грађанско право*, Научна књига, Београд, 1959; M. Vedriš, P. Klarić, *Građansko pravo, opći deo, stvarno, obvezno i nasljedno pravo*, Narodne Novine, Zagreb, 1996; Л. Василев, *Гражданско право, Обща част*, Ромина, София, 2003; Д. Стојановић, О. Антић, *Увод у грађанско право*, Београд, 2004.

[3] За ова види кај М. Хаџи Василев, *Наследно право*, Култура, Скопје, 1983; K. Petar, V. Martin, *Građansko pravo, Opći dio, stvarno pravo, obvezno i nasljedno pravo*, X izdanje, Narodne Novine, Zagreb, 2006. B. T. Blagojević, *Nasledno pravo u Jugoslaviji, prava republika i pokrajina*, Savremena administracija, Beograd, 1983 O. Antić, Z. M. Balinovac, *Komentar zakona o nasleđivanju*, Beograd, 1996, Наташа Стојановић, *Наследно право*, Универзитет у Нишу Правни факултет, Ниш, 2011; О.Б. Антић, *Наследно право*, Народна књига, Београд, 1994; M. Tratnik, *Civilno pravo, Zbirka predpisov*, Codex Iuris, Maribor, 2003; K. Zupančić, *Dedovanje z uvodnim pojasnili*, ČZ Ur. List RS, Ljubljana, 2002

[4] За принципот на слободна иницијатива, автономија на волјата во граѓанското право повеќе види кај:. A. Ristov, *"The Freedom of the Testamentary Disposition in the Macedonian Succession Law"*, *Iustinianus Primus Law Review*, Skopje, No. 7, 2013; Д.Мицковиќ, А. Ристов, *Наследно право*, Универзитет „Св. Кирил и Методиј" Скопје, 2020

делови, дали ќе остави легати, дали ќе постави правни модалитети, дали ќе располага за дозволени цели, дали ќе исклучи наследник од наследство и др.

Освен по однос на овие прашања, принципот на автономија на волјата својот израз го наоѓа и во однос на чувањето на тестаментот. Со оглед на тоа дека тестаментот произведува правно дејство во моментот на смртта *(mortis causa)*, неминовно се наметнува потребата од чување на последната волја на завештателот. Начинот и местото на чувањето на тестаментот не е уредено со императивни законски норми. Тоа зависи исклучиво од волјата на тестаторот и не влијае за полноважноста на тестаментот. Поради тоа, во современите наследни права се посветува посебно внимание на прашањето за чување на тестаментите.

Една од позначајните реформи во современите наследни права во последните децении беше востановувањето на регистарот на тестаменти, кој содржи информации дали починатиот има оставено тестамент и каде истиот се чува. Во македонското наследно право воведувањето на регистарот на тестаменти е единствената реформа која законодавецот ја направи во последните години![5] Наместо во Законот за наследувањето,[6] регистарот на тестаменти го уреди во Законот за нотаријатот[7] и со подзаконски акт - правилник! Не е прв пат законодавецот да ги згреши местата на уредување на институтите! Поважно е дали тие функционираат во практиката!

Други реформи, предложени од страна на науката, веќе една деценија чекаат да го видат „светлото на денот" и донесувањето на Граѓанскиот законик.[8] Авторот на текстот е еден од првите поборници за уредувањето на регистарот на тестаменти во македонското наследно право уште пред повеќе од една деценија.[9] Во текстот којшто следува ќе биде анализирано прашањето за местото на уредување на регистарот на тестаменти, дали тој вистински заживееа во практиката како гарант на последната волја на завештателот и дали се потребни промени во неговото уредување.

## Чување на тестаментот во македонското наследно право

Тестаментот претставува израз на последната волја на завештателот со која тој располага со својот имот за случај на смрт.[10] Еднаш составен, кога е во една од редовните форми на тестаменти, неговата важност е временски неограничена.[11] Од моментот кога тестаментот е составен, па сè до моментот кога тој ќе произведе правно дејство – моментот на смртта на завештателот, може да помине многу време. Како резултат на ова се наметнува прашањето за местото и начинот на чување на тестаментот.[12] Начинот и местото на чувањето на тестаментот не се од суштествена важност за полноважноста на тестаментот во нашето наследно право. Во таа смисла, начинот и местото каде ќе биде чуван тестаментот зависи исклучиво од волјата на завештателот. Притоа, еднаш определениот начин на чување на тестаментот завештателот може по своја волја да го промени.

Во нашето наследно право завештателот е слободен при изборот на одлучувањето за начинот како ќе го чува тестаментот, како и за местото на неговото чување.[13] Завештателот може да одлучи самиот да го чува својот тестамент. Од неговата волја зависи дали тестаментот ќе го чува на работа, во сефот дома, во работилница, во автомобил или на некое друго место. Исто така, од волјата на завештателот зависи дали тој ќе ги извести блиските роднини или трето лице дека има составено тестамент, како и за начинот и местото на неговото чување.

5 Види Д. Мицковиќ, А. Ристов, *Закон за наследувањето*, Стобитрејд, Скопје, 2015.
6 „Службен весник на Република Македонија" бр. 47/96.
7 „Службен весник на Република Македонија" бр. 72/16, 142/16 и 233/18.
8 Д. Мицковиќ, А. Ристов, *Реформа на наследното право во Република Македонија*, Стобитреjд, Скопје, 2016.
9 Види Љ. Спировиќ Трпеновска, Д. Мицковиќ, А. Ристов, *Наследното право во Република Македонија*, Блесок, Скопје, 2010, стр. 123-126.
10 Називот тестамент доаѓа од латинските зборови testatio – осведочување, израз и mens – мисла, волја, што во буквален превод значи осведочување на последната мисла, намера на завештателот. Покрај терминот тестамент и тестатор – за лицето кое го составило тестаментот, во нашето законодавство се користи и терминот завештание и завештател за лицето кое оставило писмено, кое ја содржи неговата последна изјава на волја со која располага со својот имот во случај на смрт.
11 Важењето на вонредните форми на тестаменти е временски ограничено.
12 Повеќе за ова види кај Д. Мицковиќ, А. Ристов, *Наследно право...*, стр. 229-232.
13 Ibidem.

Завештателот може да одлучи својот тестамент да го чува и кај трето лице. Тоа може да биде некој пријател, другар, или друго блиско лице во кое завештателот има доверба дека е доверливо и дека ќе ја сочува тајната за постоењето на тестаментот, а по неговата смрт, тестаментот ќе го достави на судот заради негово прогласување. Завештателот може тестаментот да го остави на чување и во некоја специјализирана установа за таа намена. Тоа може да биде одредена банка, пошта, или друга депозитна установа.

Најпосле, завештателот може да одлучи тестаментот да го чува во суд. Во нашето право надлежен за чување тестамент е секој основен суд. Тестаментот на чување се предава на судот според живеалиштето на завештателот, односно неговото престојувалиште. Но, тестамент на чување може да биде предаден и на кој било друг суд во државата. Врз основа на постапката за чување исправи, судот го прима на чување тестаментот, без разлика дали е своерачен или судски тестамент (чл. 286-294 од ЗВП и чл. 69 од ЗН).

За предавање исправи на чување во судот се составува записник, во кој се назначува како е утврден идентитетот на составувачот на исправата што ја предава на чување, како и самата исправа што се предава на чување (чл. 288 од ЗВП). Притоа, ако на чување се предава тестамент во отворена или во затворена обвивка, судот тестаментот ќе го стави во посебна обвивка и ќе ја запечати.

Во случај кога сведоците на усниот тестамент ќе му поднесат на судот писмено во кое е содржана волјата на завештателот, приемот на ова писмено судот ќе го утврди записнички, а потоа ќе го стави во посебна обвивка и ќе го запечати (чл. 290 ст. 1 од ЗВП). Судот ќе постапи на истиот начин во случај кога сведоците на усниот тестамент ќе дојдат во судот за да ја потврдат усно изјавата на завештателот. При земањето изјави од сведоци, судот настојува да ја утврди изјавата на волјата на завештателот и да ги испита околностите од кои зависи полноважноста на усниот тестамент. Откако ќе биде составен записникот, судот на подносителот на исправата ќе му издаде потврда дека исправата е предадена на чување во судот (чл. 291 од ЗВП). Ако тестамент, односно исправа за устен тестамент, се предава на суд на чиешто подрачје завештателот нема живеалиште, судот е должен за тоа веднаш да го извести судот на чиешто подрачје завештателот има живеалиште. Тестаментот предаден на чување во судот, како и исправите за усниот тестамент, се чуваат во судот одвоено од другите списи.

Еднаш предадениот тестамент на чување во судот, завештателот може да го повлече. Судот ќе му ја врати исправата на подносителот на негово барање. Исправата може да му се врати и на полномошникот на подносителот, ако овој за тоа има специјално заверено полномошно. Во постапката за враќање на исправата се составува записник. Притоа во записникот се означува начинот на кој е утврден идентитетот на лицето на кое му се враќа исправата. Доколку исправата се враќа на полномошникот, кон записникот се приложува и специјалното полномошно. Одредби за чување на тестаментот се содржани и во Законот за нотаријатот во член 104 со кој се уредува преземањето исправа заради чување или предавање. Депозитот вложен кај нотарот има својство на судски депозит (чл. 108 ст. 1).

Информирањето на наследниците за фактот на постоење тестамент и за начинот и местото на неговото чување, исто така зависи исклучиво од волјата на завештателот. Мошне чести се случаите кога наследниците не се запознаени со постоењето тестамент од страна на оставителот и како резултат на тоа наследството се распределува врз основа на нормите за законското наследување. Подоцна пронајдениот тестамент ги комплицира наследноправните односи, поради тоа што се пристапува кон поништување на решението со кое се распределува оставината и кон враќање на дел од наследството, доколку постои, од страна на наследниците. Има и случаи кога некој од наследниците ја знае содржината на тестаментот, која не е во негова корист, поради што и самото постоење на тестаментот го премолчува пред судот, или го уништува со цел да не се реализира последната волја на тестаторот.

Ваквите состојби, сè до неодамна, се должеа на непостоењето правна регулатива со која ќе се евидентираат на едно место фактите на постоењето, чувањето, отповикувањето и прогласу-

вањето на тестаментите. Со тоа се доведуваше во прашање правната сигурност и остварувањето на последната волја на завештателот, за чие остварување, уште од римското право, се смета дека должност има и државата. Наведените причини ја наметнаа потребата од уредувањето на регистарот на тестаменти во нашето наследно право кој ќе овозможи во моментот на смртта на едно лице да се добие информација дали тоа лице има составено тестамент и каде истиот се наоѓа на чување. Со уредувањето на Регистарот на тестаменти, нашето наследно право се вброи во современите наследноправни системи кои го уредуваат овој институт.

## Регистарот на тестаменти во споредбеното право

Регистарот на тестаменти за прв пат се уредува со Базелската конвенција за востановувањето систем за регистрација на тестаментите од 16 мај 1972 година. Согласно оваа конвенција, државите кои имаат регистар на тестаменти можат да ги поврзат своите регистри, овозможувајќи им на сите граѓани во Европа да дознаат дали починатото лице има оставено тестаменти, без оглед во која држава истиот бил регистриран. Во споредбеното право во сферата на наследувањето не постојат единствени и унифицирани решенија.[14] Тоа се однесува и на прашањето за регистар на тестаменти.[15] Во најголем број законодавства регистарот на тестаменти се води од страна на нотарските комори. Во исклучително мал број држави регистарот се води од страна на судот или на приватна компанија.[16] Постојат и европски држави кои сè уште го немаат уредено регистарот на тестаменти.[17]

Во австриското право тестаментите депонирани кај нотар мора да бидат регистрирани во Централниот регистар на тестаменти кој го води Австриската нотарска комора. Регистрацијата на приватните тестаменти депонирани кај адвокат не е задолжителна. Во оставинската постапка се бара потврда од страна на регистарот дали починатиот оставил тестамент. Освен тестаментите, во овој регистар се регистрираат и договорите за наследување.[18] Во Белгија постои електронски регистар на тестаменти кој се води од страна на Нотарската комора. Уписот во регистарот нема обврзувачки карактер. Во регистарот не се запишуваат своерачните тестаменти за кои постои посебен протокол на чување од страна нотарот.

Во Чешка регистарот на тестаменти од 2001 година беше заменет со Регистар на правни акти во случај на смрт од 2014 година. Овој регистар по електронски пат го води Нотарската комора на Чешката Република. Ако нотарот состави нотарски тестамент во форма на нотарски акт или прими тестамент на чување, тој е должен да ја достави таа информација до електронскиот регистар.[19] Централниот регистар претставува регистар на јавни тестаменти, како и на оние тестаменти кои се депонирани кај нотарите. Тој не ја содржи содржината на тестаментите, туку ги содржи само личните податоци кои се однесуваат на завештателот. Притоа, постои обврска на нотарите кои ќе состават тестамент да го известат за ова Централниот регистар.

Во Естонија постои Регистар на наследувањето кој се води од Нотарската комора. Тој служи за да се обезбеди база на податоци за постоење и локација на тестаментите и договорите за наследување со цел да се олесни нивното наоѓање и да се испочитува волјата на завештателот. Втората цел на регистарот е да се добијат информации кој нотар бил одговорен за расправањето на оставината. Дигитални транскрипти од тестаментите и договорите за наследување се чуваат во регистарот за наследување.[20] За составувањето на своерачните тестаменти или нивното

[14] Повеќе за ова види кај: Marie-Hélène Place, Patrick Cauchois le Mière, *Guide pratique de la transmission du patrimoine en Europe*, Editions, Litec, Paris, 1993; P. Gottwald, D. Schwab, E. Buttner, *Family and Succession Law*, Wolters Kluwer, 2001; J. Фон Штаудингер, *Граѓански законик, Основи на граѓанското право*, Арс Ламина, Скопје, 2014; Ж. Карбоние, *Граѓанско право*, Арс Ламина, Скопје, 2014; G. Didier, *Successions Libéralités*, Éditions Dalloz, Armand Colin, Paris, 1999; Г. Г. Черемных, *Наследственное право учебник*, Российская академия, адвокатуры и нотариата, Москва, 2009; Х. Тасев, *Българско наследствено право, осмо издание*, Нова редакција, Г. Петканов, С. Тасев, Сиела, София, 2006; Parry&Kerridge, *The Law on Succession*, Thomson Reuters, 2008; K. Petar, V. Martin, *Građansko pravo, Opći dio, stvarno pravo, obvezno i nasljedno pravo*, X izdanje, Narodne Novine, Zagreb, 2006.

[15] Види повеќе кај: L. Ruggeri, I. Kunda, S. Winkler, *Family Property and Succession in EU Member States*, Sveučilište u Rijeci, 2019; L.Garb, *International Succession*, Kluwer Law International, Hague, 2004.

[16] *Ibidem.*

[17] *Ibidem.*

[18] C. Wenderhost, Testamentary formalities in Austria, *Comparative Succession Law*, Oxford University Press, 2011, стр. 222-253.

[19] L. Ruggeri, I. Kunda, S. Winkler, *op. cit.*, стр. 154.

[20] *Ibid*, стр. 214.

отповикување завештателот или лицето кому завештателот го депонирал тестаментот може да поднесе известување до регистарот.[21] Уписот во регистарот нема врска со полноважноста на тестаментот или со договорот за наследување.

Во Франција од 1971 година сите тестаменти, особено своерачните, мора да бидат регистрирани од страна на нотарот во Централниот регистар на тестаменти. Притоа, не се регистрира содржината, туку само цивилниот статус на лицето кое има правен интерес и податоци за нотарот кој го чува тестаментот. Секое лице кое има интерес може да побара податоци од регистарот со доставување доказ за смртта на завештателот по електронски пат. Нотарот може да ги информира за содржината на тестаментот само наследниците и легатарите, освен ако поинаку не предвидел завештателот или судот. Јавните тестаменти задолжително се регистрираат во регистарот.[22]

Во Германија Централниот регистар на тестаменти постои од 2012 година. Во него се регистрираат своерачните тестаменти и нотарските тестаменти депонирани во судот. Регистарот се води електронски од страна на Федералната комора на нотарите.[23] И во Унгарија постои Национален регистер на тестаменти. Тестаментите кои се составени, менувани или отповикани пред нотарот се регистрираат во регистарот. Во регистарот, освен тестаментите, се евидентираат и други располагања во случај на смрт од страна на нотарот. Пропустот на регистрацијата нема последици за важноста на тестаментот или договорот.[24]

Во Италија Генералниот регистар на тестаменти постои од 1972 година и се води од страна на Нотарската комора. Неговата улога е да потврди дали починатиот има оставено тестамент во Италија или во странство. Во регистарот се регистрираат: јавните тестаменти, тајните тестаменти, специјалните тестаменти, своерачните тестаменти депонирани кај нотар, изјавите за прогласување на своерачните тестаменти, отповикувањата на тајните и своерачните тестаменти депонирани кај нотар и други располагања во случај на смрт.[25]

Во правото на Холандија, исто така, постои Централен регистар на тестаменти кој се води од Кралската Холандска нотарска асоцијација. Нотарот е должен да достави податоци на нотарскиот тестамент или нотарски депонираниот тестамент. Во регистарот се запишуваат податоците каде тестаментот е направен, но не и неговата содржина. Во моментот на смртта можат да се побараат наведените податоци.[26] Согласно одредбите на Холандскиот граѓански законик, нотарот е должен да го извести Централниот регистар на тестаменти во Хаг дека составил одреден јавен тестамент или пак примил во депозит тестамент.[27] Овие тестаменти остануваат на чување кај нотарот во тајност. Вонредните тестаменти се праќаат во Централниот регистар на тестаменти во затворена форма (чл. 4: 111 ГЗ). По смртта на одредено лице, нотарот најпрвин бара информација од Централниот регистар, со намера да утврди дали тестаментот е прогласен или регистриран во Холандија.[28] Регистарот на тестаменти е предвиден и во други европски држави: Литванија[29], Португалија[30], Романија[31], Словенија[32], Шпанија[33] и др., за чие водење е надлежна нотарската комора.

Единствено во данското право регистарот на тестаменти се води од страна на судот. Нотарот е должен да го достави тестаментот до судот во најкраток може рок.[34] Во Шведска нема регистар на тестаменти. Постојат приватни компании кои имаат регистри на тестаменти. Кога ќе почине за-

[20] *Ibid*, стр. 214.
[21] *Ibidem*.
[22] *Ibid*, стр. 254.
[23] *Ibid*, стр. 289.
[24] *Ibid*, стр. 333.
[25] *Ibid*, стр. 381.
[26] *Ibid*, стр. 502.
[27] Види кај: Loius Garb, *op. cit.*, стр. 435.
[28] *Ibidem*.
[29] L. Ruggeri, I. Kunda, S. Winkler, *op.cit.*, стр. 424.
[30] *Ibid*, стр. 544.
[31] *Ibid*, стр. 567.
[32] *Ibid*, стр. 607.
[33] *Ibid*, стр. 642.
[34] *Ibid*, стр. 172.

вештателот, тие тестаментот го праќаат на неговата адреса.[35] Во групата на европски држави кои немаат регистар на тестаменти спаѓаат: Финска[36], Ирска[37], Полска[38], Англија, Шкотска и Велс[39].

Со цел да биде испочитувана последната волја на завештетелот во европски рамки, поради зголемената мобилност на луѓето во Европската Унија, во 2005 година беше формирана Асоцијацијата на Европската мрежа на регистри на тестаменти (European Network of Registers of Wills Association – ENRWA).[40] Оваа асоцијација претставува непрофитна организација која е основана од белгиските, од француските и од словенечките нотари во согласност со Базелската конвенција за востановување регистар на тестаменти.[41] Оваа мрежа им овозможува на регистрите во европските држави да се поврзат за да им овозможат на нотарите, судиите, адвокатите и наследниците да дојдат до информации од странските регистри преку националниот регистар на тестаменти дали починатото лице има оставено тестамент. На тој начин платформата на Асоцијацијата на Европската мрежа на регистри на тестаменти овозможува да се регистрира и да се пронајде тестамент во сите 28 држави членки на ЕУ. За сите нив постојат податоци кои се однесуваат на формите на тестаменти, дали постои регистар на тестаменти, зошто е добро да се регистрира тестаментот, кој може да го регистрира тестаментот, кој и кога може да бара податоци од регистарот на тестамент, висината на трошоците, информацискиот лист и др. Воспоставувањето на оваа мрежа претставува значајно достигнување во хармонизацијата на наследното право.[42] Со помош на неа се олеснува почитувањето на последната волја на завештателот и остварувањето на наследните права на наследниците.

## Регистарот на тестаменти во поранешните југословенски републики

На просторите на поранешна југословенска федерација, со реформата на наследното право поголем број држави го предвидоа регистарот не тестаменти. Законот за наследувањето[43] на Република Хрватска од 2003 година, како една од позначајните новини, го предвиде регистарот на тестаменти (чл. 68).[44] Во Хрватскиот регистар на тестаменти се евидентираат фактите кои се однесуваат на составувањето, чувањето и прогласувањето на тестаментот. Регистарот на тестаменти се води од страна на Хрватската нотарска комора, според правилата пропишани од страна на министерот надлежен за работите од правосудството (чл. 68 ст. 2). Регистарот на тестаменти не се води по службена должност *ex officio,* туку *ex privatu.* На барање на завештателот податоци за составувањето, чувањето и прогласувањето на тестаментот во Хрватскиот регистар на тестаменти доставуваат: 1. надлежните судови; 2. нотарите; 3. адвокатите; и 4. лицата кои составиле тестамент. Значајно е да се напомене дека податоците од Хрватскиот регистар на тестаменти, како јавен регистар, не можат никому да се стават на располагање пред смртта на завештателот, освен на завештателот или лицето кое тој посебно го овластил. Со тоа се заштитуваат интересите на завештателот, како и добрите односи во поблиското семејство. Евидентирањето на податоците за составувањето, чувањето и прогласувањето на тестаментот во хрватското наследно право е на доброволна основа и има декларативен карактер. Во таа насока, фактот дека тестаментот не е евидентиран во Хрватскиот регистар на тестаменти, не влијае на неговата полноважност.

---

[35] *Ibid,* стр. 673.
[36] *Ibid,* стр. 230
[37] *Ibid,* стр. 353.
[38] *Ibid,* стр. 519.
[39] *Ibid,* стр. 704. Parry&Kerridge, *The Law on Succession,* Thomson Reuters, 2008.
[40] Повеќе види за ова на http://www.arert.eu/Information-sheets.html?lang=en
[41] *Ibidem.*
[42] *A. Ristov, Harmonizacija naslednog prava u EU,* Revija za Evropsko pravo, *Udruženje za Evropsko pravo, Kragujevac, 2012.*
[43] *"Narodne novine" br. 18/03.*
[44] Види кај: Petar Klarić, Martin Vedriš, *Građansko pravo, Opći dio, stvarno pravo, obvezno i nasljedno pravo, X izdanje,* Narodne Novine, Zagreb, 2006, стр. 751.

По примерот на хрватското право, и новиот Закон за наследување на Црна Гора од 2008 година го воведува регистарот на тестаменти. Притоа, во целост се преземени одредбите од хрватскиот Закон за наследување.[45] Во теоријата на ваквото решение се приговара дека неговото место е во процесниот закон со кој е уредено судското расправање на оставината, а не во Законот за наследување.[46] Покрај ова, како спорно се поставува и прашањето „кој ќе бара од судот што го прогласил тестаментот за тоа да ја извести Нотарската комора“.[47] Сепак, и покрај ваквите приговори, воведувањето на регистарот на тестаменти во црногорското наследно право се оправдува со „обединувањето на податоците за чување на тестаментите на едно место, со што се придонесува за поголема правна сигурност, бидејќи заинтересираните лица имаат можност да се запознаат со сите релевантни факти од кои зависи благовременото остварување на автентичната волја на завештателот, а се постигнува и поголема ефикасност во поглед на доставувањето на тестаментот на оставинскиот суд“.[48]

Регистарот на тестаменти со измените и дополнувањата на Законот за наследувањето[49] од 2001 година е предвиден и во словенечкото право. Со Централниот регистар на тестаменти управува Нотарската комора. Регистарот содржи информации за нотарските тестаменти, тестаментите депонирани кај нотарите, тестаменти составени од адвокат или депонирани кај него, судски тестаменти и тестаменти депонирани кај судот. Откако нотарот, судот или адвокатот ќе состави тестамент или ќе прими на чување тестамент, тој е должен да го регистрира таквиот тестамент во содветна форма во регистарот. Информацијата може да биде пратена до регистарот само од нотар, од суд или од адвокат. Сè до смртта на тестаторот, пристапот до информациите за тестаментот се доверливи. Информација од регистарот може да се бара по смртта на оставителот од судот или од лице кое ќе докаже дека има правен интерес.[50]

Законот за наследување[51] на Федерацијата на Босна и Херцеговина во 2014 година, како една од позначајните новини го предвиде регистарот на тестаменти и други наследноправни работи (чл. 124). Во регистарот се евидентира фактот дека некој тестамент е составен, каде се чува, дали е отповикан и прогласен и други наследноправни работи. Регистарот го води Нотарската комора на Федерацијата на БиХ според правилникот пропишан од федералниот министер за правда. Наведените податоци за тестаментите во регистарот се должни да ги доставуваат надлежните судови, нотари, дипломатско-конзуларни претставништва и други лица кои составиле тестамент. Регистарот претставува јавен уписник од кој податоци за смртта на оставителот на никој не може да му се стават на располагање, освен на оставителот или на лице кое за тој го овластил врз основа на нотарско заверено полномошно. Во регистарот се евидентира и фактот дека е склучен, се чува или е отповикан, раскинат договорот за наследување, како и договорот за откажување од наследство кое не е отворено. Фактот дека тестаментот, договорот за наследување и договорот за откажување од наследство кое  не е отворено, не се евидентирани во Регистарот, ниту каде било посебно се чуваат, не штети на нивната полноважност.

## Регистарот на тестаменти во македонското право

За воведувањето на регистарот на тестаменти науката за наследно право се залагаше уште пред една деценија.[52] Подоцна, овие заложби беа инкорпорирани во рамките на предлог-нацртот на

[45] „Фактот за составување, чување и прогласување на тестаментите се евидентира во Регистарот на тестаменти. Регистарот на тестаменти е јавна евиденција која ја води Нотарската комора во согласност со прописите на министерството надлежно за работите од сферата на правдата. Податоците за Регистарот на тестаменти на барање на завештателот доставуваат: надлежните судови, нотари, адвокати и лица кои составиле тестамент. Податоците од Регистарот на тестаменти не може пред смртта на завештетелот никому да се стават на увид, освен на завешатетелот или на лице кое тој за тоа посебно го овластил. Фактот дека податоците за тестаментот не се евидентирани во Регистарот на тестаменти не влијае на неговата полноважност.“ чл. 120, Закон за наследување на Црна Гора, „Službeni list CG“ br. 74/2008.

[46] Ljiljana Kadić, „Osvrt Predlog Zakona o nasleđivanju Crne Gore“ *Zbornik Pravnog fakulteta u Podgorici, In memoriam prof. d-r Branislav Tomković*, br. 38, Podgorica, 2008, str. 577.

[47] Дејан Ѓурѓевић, „Актуелна реформа наследног права у Црној Гори“, *Анали Правноѓ факултета у Беоѓраду*, бр. 1/2009, Београд, стр. 280.

[48] *Ibidem*.

[49] L. Ruggeri, I. Kunda, S. Winkler, *op. cit.*, стр. 607.

[50] *Ibidem*.

[51] “Sl. novine FBiH”, br. 80/2014 i 32/2019.

[51] Љиљана Спировиќ-Трпеновска, Дејан Мицковиќ, Ангел Ристов, *Наследното право во Република Македонија*, Културна установа „Блесок“, Скопје, 2010, Љиљана Спировиќ-Трпеновска, Дејан Мицковиќ, Ангел Ристов, *Наследувањето во Европа*, Културна установа „Блесок“, Скопје, 2011 Дејан Мицковиќ. Ангел Ристов, *Закон за наследувањето*, Стоби трејд, Скопје, 2015 ; Д. Мицковиќ, А. Ристов, *Наследно право*, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Скопје, 2020.

Книга IV - Наследноправни односи од Граѓанскиот законик.[53] Во важечкото македонско право регистарот на тестаменти, наместо во Законот за наследувањето, за прв пат е уреден со Законот за нотаријатот[54] од 2016 година. Во членот 117 став 4 од Законот за нотаријатот е пропишано дека: „Комората води регистар на тестаменти, а може да води јавни и други регистри, во согласност со закон". Во членот 178 од преодните и завршните одредби беше предвидено дека подзаконските акти предвидени со овој закон ќе се донесат во рок од два месеци од денот на влегување во сила на овој закон. Подзаконските акти беа донесени дури во 2019 година.

Формата и содржината на регистарот на тестаменти Министерството за правда поблиску ја определи со донесувањето на посебниот Правилник[55] во кој е уредена формата и содржината на регистарот на тестаменти (чл. 32-38). Согласно одредбите на овој правилник, регистарот на тестаменти се води од страна на Нотарската комора, во електронска форма, за што се изготвува електронско решение по хронолошки редослед (чл. 32). Во Регистарот на тестаменти се евидентираат приватните (своерачен и устен) и јавните тестаменти (судски, нотарски, дипломатско-конзуларен, меѓународен и воjнички), дадените известувања за потребите на оставинска постапка врз основа на барање дали се чува (дали оставил завештателот тестамент) и каде се чува тестаментот (чл. 33 ст. 1). Во Регистарот на тестаменти се евидентира фактот дали е составен тестаментот, каде се чува и дали е прогласен. Во таа смисла, Регистарот на тестаменти ги содржи следните податоци: 1) реден број на уписот во регистарот; 2) датум на поднесување на барањето за евидентирање на тестаментот во регистарот; 3) име, презиме, ЕМБГ и адреса на завештателот; 4) податоци за подносителот на барањето за евидентирање на тестаментот во регистарот (име и презиме на физичкото лице, односно назив и седиште на органот кој ги доставува податоците); 5) датум на составување на тестаментот; 6) место каде тестаментот е оставен на чување; и 7) датум на прогласување на тестаментот.

Освен наведените податоци, во регистарот на тестаменти се евидентираат и податоци за враќање на тестаментот (чл. 35 ст. 1), и тоа: 1) кога судот, нотарот, адвокатот, физичко или правно лице или дипломатско-конзуларното претставништво го вратил тестаментот на тестаторот или на неговиот полномошник, кој се наоѓал кај нив на чување; 2) кога тестаторот го отповикал својот тестамент пред лицето овластено за составување тестамент; 3) кога тестаментот е прогласен во оставинска постапка.

Известување за враќање на тестаментот се доставува од: 1) судот, нотарот или дипломатско-конзуларно претставништво, кои го вратиле тестаментот или пред кои е отповикан тестаментот; 2) судот или нотарот кои го прогласиле тестаментот; и 3) адвокатот кај кого тестаментот бил оставен на чување (чл. 34 ст. 2).

Евидентирањето на тестамент во Регистарот на тестаменти се врши со поднесување на барање за евиденција во писмена или во електронска форма потпишано со електронски потпис, до Нотарската комора (чл. 35 ст. 1). Барање за евиденција на тестамент доставуваат нотари, адвокати, основни судови, дипломатско-конзуларни претставништва и лица кои составиле тестамент. Во својата содржина барањето за евидентирање ги содржи следните податоци:

- име, презиме, ЕМБГ и адреса на завештателот;
- име и презиме на физичко лице, односно назив на органот кој ги доставува податоците;
- датум на составување на тестаментот;
- место каде тестаментот е оставен на чување,
- датум на прогласување на тестаментот, доколку тестаментот е прогласен.

По приемот на барањето за евидентирање во Регистарот на тестаменти, од страна на Нотарската комора се доделува евиденциски број, кој се состои од корисничкиот број на Регистарот на тестаменти и бројот на тестаментот. Сите писмена кои се однесуваат на Регистарот на тестамен-

[53] Дејан Мицковиќ, Ангел Ристов, *Реформата на наследното право во Република Македонија*, Стоби трејд, Скопје, 2016

[54] Службен весник на Република Македонија, бр. 72/16, 142/16 и 233/18.

[55] Правилникот за видот, содржината, формата, начинот на водењето на актите, уписниците, книгите и имениците на нотарот, помошните книги и имениците на нотарот, помошните книги, начинот на примање и чување на нотарските исправи и предметите од вредност и нивното издавање и преземање, начинот на чување и обнова на нотарските списи и исправи, начинот на чување и обновување на нотарските исправи, начинот на архивирање и организирањето на архиирањето, како и преземање други формални дејствија.

ти се упатуваат до Нотарската комора, во писмена или во електронска форма.

Правилникот ги уредува и промените по однос на тестаментот кои настанале по евидентирањето во регистарот на тестаменти (чл. 36). Така, сите промени по евидентирањето на тестаментот во Регистарот на тестаменти се запишуваат под ист евиденциски број на тестаторот. Доколку е потребна исправка во евиденцијата, тогаш се поднесува барање за исправка на податоците во регистарот. За сите уписи или барања кои се однесуваат за исправка се плаќа надомест, освен ако грешките се причинети од страна на Нотарската комора.

Со Правилникот се уредува и прашањето кои лица имаат пристап до податоците од регистарот на тестаменти (чл. 37). Во таа смисла, Правилникот предвидува дека пристап до податоците од Регистарот на тестаменти имаат: нотари, адвокати, основни судови, дипломатско-конзуларни претставништва и лица кои составиле тестамент. Тие имаат пристап до информациите врз основа на поднесено барање во писмена или во електронска форма. Податоци од Регистарот на тестаменти се издаваат во писмена или во електронска форма, во форма на одговор, најдоцна осум дена од приемот на барањето.

За поднесеното барање се постапува по претходно платен надоместок, освен ако барањето е поднесено од суд или од дипломатско-конзуларно претставништво на Република Македонија. Барањето за упис во Регистарот на тестаменти и упис на промени, како и одговорот и надоместокот кој се уплатува за упис, промени и исправки во Регистарот на тестаменти се изготвуваат во форматот утврден од страна на Нотарската комора.

Освен со Правилникот од Министерството за правда, Регистарот на тестаменти се уредува и со Правилникот за формата и содржината на барањето за евидентирање на тестаменти, за упис на промени, исправки, одговор по поднесено барање во Регистарот на тестаменти како и надоместокот за упис, промени, исправки и одговор донесен од страна на Нотарската комора. Со овој правилник се уредуваат формата и содржината на барањето за евидентирање тестаменти, за упис на промени, исправки, одговорот од Нотарската комора по поднесено барање во Регистарот на тестаменти кои во писмена форма или по електронски пат се доставуваат до Комората, како и висината на надоместокот кој се уплатува за поднесено барање за евидентирање на тестамент, за упис на промени и исправки во Регистарот на тестаменти и за одговорот од Комората за евидентиран тестамент во Регистарот на тестаменти (чл. 1). Регистарот на тестаменти Комората го води во електронска форма и се изготвува електронско решение по хронолошки редослед. Овластени лица кои можат да достават барање за евидентирање на тестамент во Регистарот на тестаменти се: нотари, основни судови, дипломатско-конзуларни претставништва, лица кои составиле тестамент и адвокати. Барањето се доставува во писмена или во електронска форма потпишано со електронски потпис. По приемот на барање за евидентирање во Регистарот на тестаменти се доделува евиденциски број, кој се состои од корисничкиот број на Регистарот на тестаменти и бројот на тестаментот (доколку го има). Барањата по електронски пат овластените лица можат да ги поднесуваат по електронски пат само доколку поседуваат корисничко име и сигурносна лозинка. Корисничкиот број за пристап до Регистарот на тестаменти го доделува Комората, а сигурносната лозинка овластениот субјект ја креира сам. Сигурносната лозинка мора да се чува во тајност и да се заштити од злоупотреба. Лицата кои имаат пристап до податоците од Регистарот на тестаменти со должни да ги чуваат како тајна овие податоци (чл. 5) Правилникот детално ја пропишува содржината на барањето за евидентирање на тестаментот (чл. 6)

Тоа ги содржи следните податоци:

1) име, презиме, ЕМБГ и адреса на завештателот;

2) име и презиме на физичко лице, односно назив на органот кој ги доставува податоците;

3) датум на составување на тестаментот и место каде тестаментот е оставен на чување (доколку има таков податок); и

4) датум на прогласување на тестаментот, доколку тестаментот е прогласен.

Правилникот подробно ја уредува и содржината на барањето за промена и исправка на евидентираните податоци кое содржи:

1) име, презиме, ЕМБГ и адреса на завештателот;

2) име и презиме на физичко лице, односно назив на органот кој ги доставува податоците;

3) датум на составување на тестаментот и место каде тестаментот е оставен на чување (доколку има таков податок);

4) датум на прогласување на тестаментот, доколку тестаментот е прогласен;

5) датум на враќање на тестаментот, доколку тестаментот е вратен;

6) датум на отповикување на тестаментот, доколку е отповикан;

7) забелешка (каде се наведува која промена или исправка се врши).

Правилникот темелно ја уредува и соржината на барањето за информација - податоци и одговорот за издавање податоци[56] од Регистарот на тестаменти. Податоците од Регистарот на тестаменти[57] ги издава Комората во писмена или во електронска форма во форма на одговор, најдоцна осум дена од приемот на барањето (чл. 7 ст. 1). За секое поднесено барање во врска со Регистарот на тестаменти се постапува по претходно платен надоместок утврден со овој правилник,[58] освен ако барањето е поднесено од суд или од дипломатско-конзуларно претставништво на Република Северна Македонија.

Според податоците од Нотарската комора, почнувајќи од 01.07.2019 година, сè до денес, во Регистарот на тестаменти се запишани околу 250 тестаменти. Станува збор за нотарски тестаменти составени од страна на нотарите. Во досегашната кратка примена на Регистарот на тестаменти, не се доставени податоци од страна на судовите и завештателите. Недоставувањето на податоците од страна на судот до Регистарот на тестаменти сметаме дека е неоправдано и не е во интерес на правната сигурност. Поради тоа, судовите треба да го коригираат ваквото постапување. Задолжителното доставување на информации од судот за составените судски тестаменти и примени тестаменти на чување, отповикани тестаменти, ќе придонесе да се избегнат непотребни судски спорови. По примерот на законодавствата од споредбеното право, податоците дека одредено лице составило тестамент и каде истиот се чува, судот и други овластени лица треба во интерес на правната сигурност и почитување на последната волја на завештателот задолжително да ги достават до Регистарот на тестаменти. Ова е со цел да се овозможи постоење единствена база на податоци за јавните тестаменти.

## Регистар на тестаменти de lege ferenda

Во идната кодификација на граѓанското право, во чиј состав ќе биде и наследното право, законодавецот треба темелно да го уреди прашањето за регистарот на тестаменти, а не само со една одредба, како што е сега случајот во Законот за нотаријатот. Поради неговата улога и значење, регистарот на тестаменти треба да биде уреден со законски норми, а не само со подзаконски прописи! Вистинското место на овој институт е во рамките на делот тестаментално наследување. Ваквото решение е предвидено и во споредбеното право. Со оглед дека и во нашето наследно право се предвидува како реформа воведување на договорот за наследување, како трет правен основ за наследување, сметаме дека во Регистарот на тестаменти треба да се запишуваат податоци и информации поврзани и со овој вид наследноправен договор. Поради тоа е неопходно да се надополнат одредбите и насловот

[56] Барањето за информација од Регистарот за тестаменти ги содржи следните податоци: име и презиме, ЕМБГ и адреса на завештателот; податоци за барателот на податоците. Член 5 од Правилникот.

[57] Збор по кој се пребарува, датум на пребарувањето, резултат, нотар, евиденциски број и датум, име презиме, ЕМБГ и адреса на завештателот. Име и презиме на физичко лице, односно назив на органот кој ги доставува податоците, датум на составување на тестаментот, место каде е оставен на чување тестаментот, датум на прогласување на тестаментот, датум на враќање на тестаментот, датум на отповикување на тестаментот. Чл. 6 од Правилникот.

[58] (1) За евидентирање на уписот на тестаментот се плаќа надоместок во износ од 500 денари. (2) За добивање одговор за издавање податоци од Регистарот на тестаменти од Нотарската коморасе плаќа надоместок во износ од 300 денари. (3) За промена или исправка на евидентираните податоци во кои спаѓаат уписот на враќање тестамент, отповикување тестамент и прогласување тестамент се плаќа надомест во износ од 150 денари. (4) Од плаќање на надоместоците утврдени од ставовите 1, 2 и 3 ослободени се судовите и дипломатско–конзуларното претставништво на Република Северна Македонија. (5) Надоместокот утврден во овој член е приход на Комората и се уплатува на нејзина трансакциска сметка и се прикачува кон барањето. Член 9 од Правилникот.

на регистарот на тестаменти и договори за наследување. Со цел да се обезбеди единственост на податоците за јавните тестаменти, сметаме дека треба да се предвиди задолжителна обврска и на судовите и другите надлежни органи кои составиле форма на јавен тестамент. Освен податоците за составен тестамент, променет, прогласен, треба да бидат содржани и податоци за отповикување на тестаментот. Најпосле, потребно е нашата држава преку зачленување на Нотарската комора на РС Македонија да стане дел од Асоцијацијата на европската мрежа на регистри на тестаменти, овозможувајќи им на нашите граѓани да имаат можност информации за нивните тестаменти да бидат достапни и прекугранично.

# НОТАРСКА ИЗВРШНА ИСПРАВА

**Теофил Томановиќ**
Судија во пензија

## Вовед

Со Законот за вршење на нотарските работи („Сл. весник на РМ“ бр. 59/96, започнал да се применува од 1. октомври 1997 година) во правниот систем на Република Македонија, воведен е нотаријатот кој со членот 3 став 1 е дефиниран како самостојна, независна јавна служба во која се вршат работи од видот на јавни овластувања врз основа на закон по барање на граѓаните, државните огани, правните лица и други заинтересирани институции. Ваквата законска дефиниција на нотаријатот е содржана и во членот 2 став 1 од Законот за нотаријатот („Сл. весник на РМ“ бр. 55/07), меѓутоа, со членот 2 став 2 од актуелниот Закон за нотаријатот („Сл. весник на РМ“ бр. 72/16), нотаријатот е дефиниран како самостојна јавна служба во која се вршат работите од видот на јавни овластувања, врз основа на закон.

Како нов системски закон, Законот за вршење на нотарските работи содржи повеќе нови законски решенија, дотогаш непознати во правниот систем на Република Македонија, меѓу кои секако дека спаѓа и решението од членот 42, насловен како „Извршност на нотарскиот акт“. Според членот 42 став 1 од Законот за вршење на нотарските работи (кој е изменет и дополнет со членот 17 од Законот за изменување и дополување на Законот за вршење на нотарските работи („Сл. весник на РМ“ бр. 23/98), нотарскиот акт е извршна исправа ако во него е утврдена определана обврска за чинење за која странките можат да се договорат и ако содржи изјава на обврзникот за тоа дека врз основа на тој акт може заради остварување на чинењето по пристигнување на обврските непосредно да спроведе присилно извршување (со иста содржина е членот 43 став 1 од Законот за нотаријатот (во сила од 12. мај 2007 година), односно членот 53 став 1 од актуелниот Закон за нотаријатот).

Истото законско решение се среќава и во компаративното право, како што е тоа, на пример, случај со членот 54 од „Закон о јавном биљежништву“ („Народненовине РХ“ бр. 78/93, членот 85 од „Закон о јавном бележништву“ („Сл. гласникРС“ бр. 31/11), членот 90 од „Закон о нотарима“ („Службене новине Федерације БИХ“) и др.

Како што е тоа веќе наведено, институтот извршност на нотарскиот акт (нотарската исправа) е воведен со Законот за вршење на нотарските работи во време кога во примена е Законот за

извршната постапка („Сл. весник на РМ“ бр. 53/97). Според членот 15 став 2 од наведениот закон, извршни исправи се: 1) извршна судска одлука или судско порамнување; 2) извршна одлука и порамнување во управна постапка, ако гласат на исполнување парична обврска; и 3) друга исправа која како извршна исправа е предвидена со закон. Поради наведеното, со членот 6 став 2 од Законот за изменување и дополнување на Законот за извршната постапка („Сл. весник на РМ“ бр. 59/2000), дополнет е членот 15 став 2 од постојниот Закон за извршната постапка, со нова точка 3 која гласи: „извршна нотарска исправа“, а со членот 18 додаден е нов член 18-а, според кој, став 1: „Нотарската исправа е извршна исправа, ако станала извршна според посебен пропис кој ја уредува извршноста на таквата исправа“, и став 2 според кој: „Врз основа на нотарска исправа која станала извршна во еден дел, извршувањето може да се дозволи само во тој дел“. На ваков начин, de legelata, овозможено е нотарските извршни исправи да претставуваат извршни исправи врз основа на кои се спроведува присилното извршување, со тоа што наведените законски одредби, потоа, целосно се преземени и во членот 12 став 1 точка 3 и во членот 16 од Законот за извршување („Сл. весник на РМ“ бр. 35/05), односно од членот 12 став 1 точка 3 и од членот 16 од сега важечкиот Закон за извршување („Сл. весник на РМ“ бр. 72/16).

Во трудот авторот ќе се задржи на анализи за прашањата поврзани со постапување на нотарот во согласност со членот 53 од важечкиот Закон за нотаријатот и правата и обврските на странките (учесниците) во правното дело во врска се кое се составува нотарската исправа, а не и други прашања поврзани со постапката за присилно извршување која ја спроведуваат извршителите во согласност со Законот за извршување.

## 1. Нотарска извршна исправа

Начелно, судската одлука е извршна ако станала правосилна и ако истекол рокот за доброволно исполнување на должниковата обврска, одлуката донесена во управна постапка е извршна ако станала конечна и ако истекол рокот за доброволно исполнување на обврската, рокот за доброволно исполнување на обврската тече од денот на доставувањето на одлуката до должникот, одлуката која во еден дел станала извршна, извршувањето ќе се спроведе само во тој дел и судско порамнување, односно порамнувањето кое е склучено во управна постапка е извршно, ако пристигнало побарувањето (член 14 ставовите од 1 до 4 и член 15 став 1 од Законот за извршување). Органот од кој потекнува исправата треба да провери кога задолженото лице ја примило исправата, а ако има и второстепена одлука, кога ја примило таквата одлука, и од тогаш да го пресмета рокот за доброволно исполнување на обврската, па во потврдата на извршност да го назначи датумот кога одлуката станала извршна, а не и самиот датум кој се става на потврдата на извршност. Ако одлуката станала делумно извршна, или само спрема некои од задолжените лица, потребно е тоа да се наведе во потврдата за извршност.

Според членот 16 став 1 од Законот за извршување, нотарската исправа е извршна исправа, ако станала извршна според посебен пропис кој ја уредува извршноста на таквата исправа, а според ставот 3 врз основа на нотарска исправа која станала извршна само во еден дел, извршувањето ќе се спроведе само во тој дел. Посебен пропис, како што е тоа веќе наведено, кој го уредува прашањето на извршност на нотарската исправа е, пред сè, членот 53 од Законот за нотаријатот според кој, став 1, нотарската исправа е извршна исправа ако во неа е утврдена определена обврска за чинење за која странките можат да се договорат и ако содржи изјава на обврзникот за тоа дека врз основа на таа исправа, заради остварување на чинењето по доспеаноста на обврската непосредно да се спроведе присилно извршување.

Меѓутоа, прашањето на извршноста на нотарската исправа може да биде уредено и со друг, посебен закон. Така, на пример, договорот за отуѓување и договорот за давање под долготраен закуп на градежно земјиште сопственост на Република Македонија според членот 74 став 1, а во врска со членот 76 став 2 од Законот за градежното земјиште („Сл. весник на РМ“ бр. 15/2015), се потврдува (солемнизира) кај нотарот. Според членот 76 став 7 од наведениот за-

кон, во случај ако купувачот, односно закупецот падне во задоцнување со исполнување на обврските три месеци последователно, тоа претставува основ отуѓувачот, односно закуподавачот по три последователни месечни повици за извршување, како доверител со изјава за неисполнување на обврските од договорот, да побара потврда за извршност на договорот, односно да побара наплата на договорната казна што претставува и основ за еднострано раскинување на договорот. Поаѓајќи од содржината на цитираните законски одредби, тоа значи дека отуѓувачот, при исполнетоста на изложените законски услови, може да побара ставање потврда на извршност на нотарската исправа составена согласно со членот 76 став 2 од Законот за градежното земјиште, по кое нотарот ќе постапува во согласност со членот 53 став 5 од Законот за нотаријатот, без оглед на тоа што самата нотарска исправа не содржи извршна клаузула.

Пред да се навлезе во анализа на членот 53 од Законот за нотаријатот, потребно е да се укаже дека целта на законодавецот нотарската исправа да може да има својство на извршна исправа и на таков начин, практично, да ја изедначи со правосилна судска одлука, е ставена во функција на полесно, побрзо и поефикасно остварување на правата на субјектите во правниот промет, и тоа, пред сè, на доверителот на кого му се овозможува на таков начин полесно да дојде до присилно извршување на неговото доспеано побарување. Меѓутоа, на одреден начин, со ваквото законско решение се заштитува и должникот, бидејќи со побрзата реализација на побарувањето се скратува времето во кое тече казнената камата (ако побарувањето е изразено во пари), а се избегнуваат и трошоци на постапката во случај кога доверителот своето право го остварува со тужба пред надлежниот парничен суд.

За разлика од претходните закони, Законот за нотаријатот со членот 4 став 3 ја разрешува дилемата, која постоела во практиката, кои нотарски исправи можат да бидат и извршни исправи, ако се има предвид дека во членот 53 став 1 на воопштен начин само е кажано дека станува збор за нотарски исправи. Имено, со членот 4 став 1 од Законот за нотаријатот е дадена дефиниција на нотарските исправи, меѓутоа според ставот 3, само нотарските акти, потврдените (солемнизирани) приватни исправи, нотарските платни налози и решенија донесени во оставинска постапка како доверена работа од судот, во случаите утврдени со овој закон имаат сила на извршна исправа.

Прашањата поврзани со потврда за правосилност и извршност на нотарски платен налог, како и нејзиното укинување, детално се уредени со членовите 73 и 74 од Законот за нотаријатот, со напомена дека согласно со членот 81 во постапката за издавање нотарски платен налог, во недостаток на одредби од овој закон и за иземање, соодветно се применуват одредбите од Законот за парничната постапка. Во постапката за расправање оставина, во која нотарот согласно со членот 126 став 2 од Законот за вонпарничната постапка, постапува како повереник на судот, врз прашањето на извршност на решенијата донесени во таа постапка, согласно со членот 33 став 1 од наведениот закон, соодбразно се применуваат одредбите од Законот за парничната постапка.

Од анализа на членот 53 став 1 од Законот за нотаријатот може да се заклучи дека за валидност на извршноста на нотарската исправа треба да бидат исполнети неколку услови. Пред сè, тоа се однесува на видот на нотарската исправа која може да добие својство на извршна исправа согласно со членот 12 став 1 точка 3 од Законот за извршување. Имено, од содржината на членот 53 став 1, а во врска со членот 4 став 3 од Законот за нотаријатот, како што е тоа веќе наведено, треба да се заклучи дека извршност може да добие само нотарска исправа составена во форма на нотарски акт или потврдена (солемнизирана) приватна исправа. Другите нотарски исправи опфатени со членот 4 став 1 од Законот за нотаријатот (освен нотарскиот платен налог и решенијата донесени во оставинската постапка) не можат да имаат такво својство.

Во смисла на членот 53 став 1 од Законот за нотаријатот, учесниците во правното дело, во најразлични видови правни договори, слободно одлучуваат за своите права и овластени се да ги утврдат роковите и условите кои се однесуваат на исполнување на преземените договорни об-

врски. Притоа, еден од основните услови, при внесување на извршната клаузула во нотарската исправа, е согласност на странката, која се јавува во својство на должник (законот го именува како „обврзник"), односно странката која презема обврска дека без одлагање ќе ја изврши обврската. Без таква изречна изјава на странката, која се јавува во својство на должник во нотарската исправа бидејќи презела одредена обврска, во нотарската исправа не може да биде внесена извршната клаузула. Меѓутоа, при внесување на извршната клаузула во нотарската исправа треба да се води сметка за нејзината содржина, односно утврдените права и преземените обврски, согласно со членот 17 став 1 од Законот за извршување, да бидат реално извршливи, односно да бидат подобни за извршување. Во наведената смисла, начелно, договорената извршна клаузула треба да ги содржи предметот, видот, обемот и времето на исполнување на обврската, што претставува неопходен услов да претставува подобна извршна исправа. Вообичаено, договорениот предмет на присилно извршување се состои од определена сума пари, одредена количина заменливи ствари или хартии од вредност и др. Ова зависи од содржина (предметот) на правното дело во врска со кое се составува нотарската исправа (нотарскиот акт или потврдување на приватна исправа), а за подобноста за извршување на договорената извршна клаузула треба да водат сметка странките во правното дело кои наполно се слободни да ги утврдат роковите и условите за исполнување на преземените договорни обврски и последиците од нивното неисполнување. Во спротивно, ако наведените претпоставки не се содржани во извршната клаузула, во случај ако биде поведена постапка за присилно извршување, надлежниот извршител нема овластувања таквите пречки да ги отстрани поради што нема да постапува по предлогот за присилното извршување. Во таков случај на договорната страна – доверителот, единствено му останува можноста своите права и правни интереси да ги заштитува преку поведување постапка пред надлежниот суд.

Има различни ситуации во кои може да биде договорена извршната клаузула. Можно е извршната клаузула да биде договорена и во двострано обврзувачки договор како, на пример, договорот за продажба во кој продавачот на таков начин ќе се заштитува по поглед на обврската на купувачот, во одреден рок, да ја исплати договорената продажна цена, а купувачот во врска со рокот на испорака на предметот на продажбата. Потоа, согласно со членот 22 став 2 од Законот за договорен залог („Сл. весник на РМ" бр. 5/2003), договорот за залог може да има својство на извршна исправа доколку е потврден или составен од нотар и доколку содржи изјава на договорните страни дека се согласни нивниот договор за залог да има својство на извршна исправа. На ова укажува членот 53 став 3 од Законот за нотаријатот, според кој врз основа на нотарската исправа со која е запишан залог во јавна книга, може непосредно да се бара извршување врз предметот на залогот заради наплата на обезбеденото побарување, по доспеаноста на обврската ако должникот со тоа во нотарската исправа изречно се согласил. Исто така, тоа може да биде изјава (еднострана) дадена од само едниот учесник во правното дело - должникот, во отсуство на другиот учесник, во постапката пред нотарот како, на пример, при составување на нотарскиот акт согласно со членот 81 став 2 од Законот за меница („Сл. весник на РМ„ бр. 3/2002), според кој потписниците на меницата можат да се договорат по настанување на задоцнувањето на обврзникот, со исполнување на обврските по меницата, имателот на меницата да може да бара извршување без протест на меницата. Таков случај, на пример, е со изјавата која ја дава трасант, трасат или акцептант за уредување права и обврски на потписниците на меница во постапката пред нотарот, а која се составува во форма на нотарски акт.

Во секој случај, според членот 53 став 1 од Законот за нотаријатот, извршната клаузула мора да биде содржана во нотарската исправа. Ова е сосема разбирливо кога е во прашање нотарски акт, бидејќи го составува нотарот. Меѓутоа, кога е во прашање потврдување (солемнизација) на приватната исправа, во практика учесниците во приватната исправа често ја внесуваат и извршната клаузула, меѓутоа без оглед на тоа, истата и во таков случај мора да биде содржана во нотарската исправа со која се потврдува приватната

исправа. Во спротивно, без правно значење ќе биде фактот дека извршната клаузула е содржана само во приватната исправа, бидејќи во таков случај не може да претставува извршна исправа согласно со членот 12 став 1 точка 3 од Законот за извршување. Според членот 53 став 2 од Законот за нотаријатот, врз основа на нотарската исправа во која е содржана обврска за засновање, пренос, ограничување или престанок на некое стварно право, може да се изврши упис во јавна книга, ако должникот изречно се согласил за тоа во нотарската исправа.

Според членот 53 став 4 од Законот за нотаријатот, ако обврската зависи од некој услов или рок кој не е одреден календарски, за извршноста на нотарската исправа потребно е со јавна исправа или изјава на доверителот заверена од нотар да се докаже дека настапил условот, односно настапил рокот. Временскиот рок претставува тек на времето со чие настапување правното дело почнува да произведува правно дејство (одложен рок) или престанува да произведува правно дејство (раскинлив рок), а услов претставува една неизвесна околност од чие настапување или ненастапување зависи настанот или престанокот на договорот.

## 2. Учество на нотарот во постапката согласно со членот 53 од Законот за нотаријатот

Од содржината на членот 53 ставови 1 и 5 од Законот за нотаријатот, произлегува дека нотарот презема нотарски дејствија во две фази поврзани со клаузулата на извршност. Првата во фаза на составување на нотарската исправа, и втората при ставање потврда на извршност на исправата.

Во поглед на содржината на извршната клаузула определена од страна на учесниците во правното дело, при составувањето на нотарската исправа, согласно со членот 54 ставови 1 и 2 од Законот за нотаријатот, нотарот е должен да испита дали учесниците се способни и овластени за преземање на работите, да им ја објасни целта, да ги поучи за последиците и да се увери во нивната вистинска и сериозна волја, а потоа врз основа на нивните изјави, целосно, јасно и одредено да го состави актот, да им го прочита на учесниците и со непосредни прашања да се увери дали содржината на нотарскиот акт одговара на волјата на учесниците. Во наведената смисла нотарот на учесниците ќе им го објасни и значењето на договорената извршна клаузула и последиците кои можат да настапат за нив. Нотарот не учествува во договарањето и определувањето на содржината на извршната клаузула (условите и роковите) во нотарската исправа бидејќи, како што е веќе кажано, тоа е во исклучива диспозиција на учесниците во правното дело. Меѓутоа, нотарот согласно со членот 30 став 2 од Законот за нотаријатот, е должен да одбие преземање службено дејствие ако тоа е неспојливо со неговата службена должност, а особено ако неговото учество се бара за постигнување очигледно недозволени цели, какви што случаи се среќаваат во нотарската практика. Со други зборови, нотарот нема да ги уважи располагањата на странките и во поглед на договорената извршна клаузула, кои се спротивни на присилните прописи и меѓународните договори, ратификувани според закон, која обврска нотарот инаку ја има при составување на нотарските исправи согласно наведениот член 30 став 2 од Законот за нотаријатот. Исто така, нотарот при вршењето на нотарската служба, како субјект во смисла на членот 5 став 1 точка 3 од Законот за спречување перење пари и финансирање на тероризам („Сл. весник на РМ" бр. 120/18), должен е да постапува согласно со членот 54 став 1 од истиот закон, а во врска со Одлуката за утврдување листа на индикатори за препознавање сомнителни трансакции на Управата за финансиско разузнување (бр. 02-2/16 (19) од 25.01.2019 година) – Листа на индикатори за препознавање сомнителни трансакции, во делот на точка 1.3 – Индикатори за нотари, за што е должен да ја извести Управата за финансиско разузнување. Имено, според наведениот член 54 став 1 од Законот за спречување перење пари и финансирање на тероризам, субјектите се должни собраните податоци, информации и документи, да ги доставaт до Управата за финансиско разузнување под условите наведени во одредбата. Согласно наведената одлука – Листа на индикатори за препознавање сомнителни трансакции, во делот на точка 1.3. – Индикатори за нотари, кога

постојат индикатори за препознавање сомнителни трансакции, евентуално поврзани и со договорената извршна клаузула во нотарската исправа, нотарот е должен да постапи на наведениот начин.

Во втората фаза на постапувањето нотарот, согласно со членот 53 став 5 од Законот за нотаријатот, пристапува кон ставање потврда на извршност на нотарската исправа. Имено, според наведениот став 5 нотарот кој го составил нотарскиот акт или ја потврдил (солемнизирал) приватната исправа ќе стави потврда на извршност на исправата, по писмено барање на доверителот, кон кое е приложена неговата заверена изјава од нотар под морална, материјална и кривична одговорност, дека побарувањето или дел од него доспеало.

Барање за ставање потврда на извршност може да поднесе само странка која во правното дело се јавува во својство на доверител. Тоа може да го стори и преку полномошник, бидејќи според членот 95 став 1 од Законот за нотаријатот, во постапка пред нотар, за правни работи и дејствија за кои тоа по закон е дозволено, учесникот може да презема дејствија преку полномошник, доколку истиот приложи заверено полномошно, а според ставот 2 за правните работи од ставот 1, со кои се врши располагање или оптоварување недвижности, полномошното мора да биде специјално и во него изречно да бидат наведени дејствијата кои може да ги презема полномошникот. Доверителот е лице, во облигационен или друг правен однос, кое може од должникот (законот го именува како „обврзник“) да бара определено давање, сторување, воздржување од нешто што должникот инаку би имал право да прави или трпење на нешто што мора да трпи. Доколку во правното дело со својство на извршна исправа има обврска за заемни давања и чинења, секоја од странките која има право да бара исполнување на некоја од овие обврски за кои е договорена извршната клаузула, може да бара ставање потврда со поднесување заверена изјава дека побарувањето е доспеано, но не е реализирано. Тоа значи дека доверител, според нотарската исправа, е лице кое има активна легитимација за поднесување на барање за ставање потврда на извршност на нотарската исправа, а не и лице кое во истата се наоѓа во улога на обврзник – должник. Ова секако дека зависи од содржината на правното дело, односно од начинот како странките ги уредиле своите заемни обврски. Инаку, писмено барање за ставање потврда на извршност содржи основни податоци кои укажуваат на конкретна нотарска исправа и се доставува во нотарската канцеларија (непосредно или со препорачана поштенска пратка) заедно со заверена писмена изјава, кои се здружуваат кон списите на предметот кој е заведен во општиот деловен уписник (ОДУ). Меѓутоа, по барање на странка, нотарот може да состави барање за ставање потврда на извршност на нотарската исправа, по кое се постапува на погоренаведениот начин. Доколку писмената изјава на странката дека побарувањето или дел од него пристигнало не е заверена кај друг нотар, тогаш изјавата нотарот ја прима, ја заведува во уписникот за заверки и потврди (УЗП) и врши заверка на потпис. Исто така, по кажување на странката, нотарот може да состави изјава дека побарувањето или дел од него пристигнало во форма на нотарски акт - записник, кој се заведува во Уписникот ОДУ. Согласно со членот 53 став 5 од Законот за нотаријатот, изјавата дека побарувањето или дел од него доспеало, доверителот ја дава под морална, материјална и кривична одговорност. При спроведувањето на постапката за ставање потврда на извршност, нотарот е должен да води сметка дали се исполнети наведените услови од членот 53 став 5 од Законот за нотаријатот, односно да биде доставено барање за ставање потврда на извршност и да располага со заверена изјава на доверителот дека побарувањето или дел од него доспеало. Притоа, нотарот нема други обврски во смисла да ја проверува вистинитоста на заверената изјава на доверителот, дадена под морална, материјална и кривична одговорност, дека побарувањето или дел од него доспеало, односно дека се исполнети условите или дека настапиле роковите за неговото исполнување. Ова е така поради тоа што согласно со членот 86 став 4 од Законот за нотаријатот, при заверка на потписот, односно ракознакот, нотарот се запознава со содржина на исправата, само толку колку да може да ги пополни рубриките на Уписникот за заверки и потврди. Притоа нотарот не е одгово-

рен за содржината на писменото, ниту е должен да испитува дали учесниците се овластени за преземање на таа правна работа.

По извршениот увид во списите на предметот и проверка на податоците наведени во барањето за ставање потврда на извршност на нотарската исправа, нотарот изготвува посебна потврда за целосна или за делумна извршност на нотарската исправа која се заведува во уписникот ОДУ. Во потврдата се констатира дека се исполнети формално-правните услови од членот 53 став 5 од Законот за нотаријатот, за ставање потврда на извршност на нотарската исправа. Врз основа на наведената потврда, на нотарската исправа се става штембилот за потврда на извршност на нотарската исправа (Образец бр. 6 за потврда на извршност на нотарската исправа, кој е утврден со членот 7 став 1 точка 6 од Правилникот за формата и содржината на службениот печат, сувиот и водениот жиг, штембилите и фирмата на нотарот, како и начинот на нивното издавање и одземање („Сл. весник на РМ" бр. 226/16). За барателот-доверителот, штембилот се става на примерок од изводот на нотарската исправа со кој располага. На една иста нотарска исправа може да биде ставено повеќе делумни потврди на извршност, во зависност од начинот како странките се договориле за своите обврски во правното дело, а во одредени случаи можно е тоа и по барање на двете договорни страни.

Доколку доверителот поднел барање за ставање потврда на извршност, нотарот може да стави потврда на извршност на нотарската исправа и во случај кога за предметот на договорот – подвижен или недвижен имот, од страна на надлежниот суд е определена привремена мерка – забрана за отуѓување и располагање со подвижни предмети и недвижност согласно со членот 36 став 1 точки 1 и 2 од Законот за обезбедување на побарувањата. Ова е така поради тоа што привремената мерка забрана за располагање со подвижни предмети и забрана на отуѓување недвижен и подвижен имот не се однесува за ова дејствие, бидејќи ставањето потврда на извршност на нотарскит акт или солемнизирана приватна исправа со својство на извршна исправа не претставува располагање и отуѓување во наведената смисла. Определената привремена мерка има само дејство спрема должникот да не ги презема забранетите дејствија, а не се однесува на нотарот да не става потврда на извршност, бидејќи на наведената околност внимава органот кој ја спроведува постапката за реализација на одредено правно дело.

Според членот 53 став 6 од Законот за нотаријатот, во случај на отсуство на нотарот кој го составил нотарскиот акт или ја потврдил (солемнизирал) приватната исправа, потврдата на извршност на нотарскиот акт или на приватната исправа ќе ја стави заменик–нотар или нотар определен од страна на претседателот на Нотарската комора. Од содржината на цитираната законска одтредба треба да се заклучи дека само нотарот кој ја составил нотарската исправа е надлежен да ја стави потврдата на извршност, а не и некој друг нотар. Според членот 112 став 8 од Законот за нотаријатот, заменик-нотар ги врши сите работи кои според закон е овластен да ги врши нотарот, а тоа значи дека е овластен да става и потврда на извршност на нотарската исправа која ја составил нотарот кого го заменува. Во случај кога нотарот е отсутен, а нема заменик-нотар, на барање на странката претседателот на Нотарската комора ќе определи нотар, од истото нотарско подрачје, кој ќе постапи по барањето за ставање потврда на извршност на нотарската исправа. Всушност тоа ќе биде нотар кој привремено ја врши службата согласно со членот 116 став 1 од Законот за нотаријатот, бидејќи според ставот 6 сите работи што ги врши нотарот кој привремено ја врши службата, имаат иста правна важност како непосредно да ја извршил самиот нотар. Исто така, во случај кога на нотарот кој ја составил исправата со својство на извршна исправа, во меѓувреме, му е преместено седиштето на службата на подрачјето на друг надлежен суд, надлежен за ставање потврда на извршност согласно со членот 53 став 7 од Законот за нотаријатот, е нотарот кој согласно 116 став 1 од истиот закон ќе биде определен како нотар кој привремено ја врши службата.

## 3. Укинување на потврдата на извршност

Во практиката се поставува и прашањето дали нотарот кој издал потврда на извршност на но-

тарската исправа може, постапувајќи по службена должност или барање на должникот, да ја укине аналогно на членот 12 став 3 од Законот за извршување, според кој неоснованата потврда на извршност со решение ќе ја укине истиот суд, односно органот кој ја ставил по предлог или по службена должност. Одговор на поставената дилема треба да се даде само преку анализа на членот 53 од Законот за нотаријатот, кој целосно го уредува прашањето на извршноста на нотарската исправа, а со кој не е утврдена надлежност на нотарот да ја укинува ставената потврда на извршност на нотарската исправа, освен во случаите утврдени со ставот 7 од наведената законска одредба. Тоа законско право, на пример, нотарот го има во постапката за издавање нотарски платен налог кое детално е уредено со членот 74 од Законот за нотаријатот. Бидејќи барањето за укинување на ставената потврда на извршност, вообичаено, до нотарот се доставува во форма на писмен поднесок, поради погореобразложените причини, нотарот е должен само писмено да го извести барателот дека за таа правна работа стварно е надлежен да одлучува судот, при што не донесува посебно формално решение (освен во случаите од наведениот став 7). Имено, со членот 53 став 7 од Законот за нотаријатот, прашањето на укинување потврда на извршност е уредено на следниот начин: „Во случај на спор за исполнување на условот или настапување на рокот за извршност на нотарската исправа одлучува надлежниот суд во парнична постапка. Нотарот ќе ја укине потврдата на извршност врз основа на правосилна судска одлука или врз основа на заверена изјава од нотар од доверителот дека е согласен да се укине потврдата на извршност. Нотарот ја укинува потврдата на извршност со изготвување посебен записник. Примерокот од записникот за укинување на потврдата на извршност нотарот ќе им го достави на странките, доколку тоа го побараат.“

Заинтересираната странка (во случајов должникот) со тужба за утврдување (член 177 став 1 од Законот за парничната постапка) ќе постави тужбено барање да биде утврдено дека не е исполнет условот или дека не настапил рокот за извршност на нотарската исправа. Доколу поставеното тужбено барање со правосилна судска одлука биде уважено, тогаш тужителот - должникот има право од нотарот да побара укинување на ставената потврда на извршност на нотарската исправа согласно со членот 53 став 7 од Законот за нотаријатот. Тоа ќе го стори со писмен поднесок со кој ќе биде приложена правосилна судска одлука. Примерокот од поднесокот нотарот ќе го достави до доверителот на кого инаку му е позната судската одлука бидејќи во судскиот спор е тужена странка, а потоа ќе го состави записникот согласно со цитираниот член 53 став 7 од Законот за нотаријатот. Во записникот нотарот ќе констатира дека постои правосилна судска пресуда со која е утврдено дека не е исполнет условот или дека не настапил рок кој е основ за ставање потврда на извршност на нотарската исправа, при што на записникот ќе го констатира нејзиното укинување. Доколку, во меѓувреме, доверителот покренал постапка за присилно извршување, тогаш должникот од нотарот ќе побара да му биде доставен наведениот записник, кој ќе му послужи во извршната постапка да ги заштити своите правни интереси.

До укинување на потврдата на извршност на нотарската исправа, согласно со цитираниот член 53 став 7 од Законот за нотаријатот, може да дојде и во случај кога доверителот, учесник во нотарската исправа, ќе даде писмена изјава дека е согласен со нејзиното укинување. Во таков случај писмената изјава на доверителот треба да биде заверена согласно со членот 86 став 1 од Законот за нотаријатот.

Пред укинувањето на потврдата на извршност, согласно со членот 53 став 8 од Законот за нотаријатот, во текот на судскиот спор, по предлог на тужителот – должникот, можно е судот да го одложи извршувањето во случаите кога ќе утврди дека при составувањето и издавањето на нотарската исправа не се почитувани условите кои мора да бидат исполнети за да добие таа својство на јавна исправа или да добие сила на извршна исправа. Тоа значи дека предмет на судскиот спор, зависно од тоа како тужителот ќе го постави тужбеното барање, може да бидат две правни работи, и тоа: првата, дали составената нотарска исправа е ништовна и нема својство на јавна исправа поради една од причините утврдени со членот 66 од Законот за нота-

ријатот, и втората, дали е или не е исполнет условот или не настапил рокот за извршност на нотарската исправа. Во случај ако тужбеното барање на тужителот - должникот, без оглед за кое од двете тужбени барања станува збор, со правосилна судска одлука биде уважено, постапката за присилното извршување ќе биде запрена. Во спротивно, доколку тужбеното барање биде одбиено како неосновано, тогаш постапката за присилното извршување, по предлог на доверителот, ќе продолжи во согласност со Законот за извршување.

# ГЛАВА II

## ИНТЕРНИ АКТИ НА НОТАРСКАТА КОМОРА

Врз основа на член 121 став 1 точка а), а во врска со член 124 став 4 од Законот за нотаријатот („Сл.весник на РМ“ бр.72/16, 142/16 и 233/18) и член 23 став 1 точка г) од Статутот на Нотарската комора на Република Северна Македонија, Собранието на Нотарската комора на Република Северна Македонија на седницата одржана на ден 5 јуни 2021 година, го донесе следниот

# П Р А В И Л Н И К

за дисциплинска одговорност и дисциплинска постапка на Нотарската комора на Република Северна Македонија

## 1. Општи одредби

### Член 1

(1) Дисциплинска постапка против нотар, заменик-нотар и нотар кој привремено ја врши службата (во натамошниот текст: нотар), води и дисциплински мерки, изрекува Дисциплинскиот совет на Нотарската комора на Република Северна Македонија (во натамошниот текст: Комората), како првостепен орган, а по жалбите одлучува Второстепениот дисциплински совет, како второстепен орган, со директна примена на одредбите од Законот за нотаријатот и Правилникот за дисциплинска одговорност и дисциплинска постапка (во натамошниот текст: Правилникот).

(2) Во дисциплинската постапка директно се применуваат одредбите од Законот за нотаријатот со кои се уредени прашањата на: дисциплинските органи и дисциплинската одговорност на нотарот, заменик-нотарот и нотарот кој привремено ја врши службата, поведување и водење дисциплинска постапка, изземање, дисциплински повреди и дисциплински мерки, правен лек против одлука донесена во дисциплинска постапка, извршување дисциплински одлуки и бришење дисциплински мерки.

### Член 2

Во овој правилник, употребениот збор – нотар, во машки род, има неутрално значење и се однесува и на мажи и на жени.

### Член 3

Постапката пред Дисциплинскиот совет и Второстепениот дисциплински орган е итна.

### Член 4

(1) Се смета дека нотарот не е одговорен за дисциплинска повреда, сè додека неговата одговорност не биде утврдена со конечно и правосилно решение.

(2) Решението на Дисциплинскиот совет против кое не е изјавена жалба е конечно во дисциплинската постапка. Решението е правосилно кога повеќе не може да се побива со жалба, односно кога управниот спор пред надлежниот суд правосилно е завршен, со денот на правосилноста на пресудата.

(3) Нотарот не може да биде огласен за виновен и да му биде изречена дисциплинска мерка за дисциплинска повреда, која во време на сторувањето, како таква, не е утврдена со Законот за нотаријатот.

(4) Одговорноста за сторено кривично дело, односно прекршок, не ја исклучува дисциплинската одговорност на нотарот.

**Член 5**

(1) Нотарот, против кого се води дисциплинската постапка, има право на непосредно произнесување пред Дисциплинскиот совет и пред Второстепениот дисциплински совет.

(2) Во текот на дисциплинската постапка, нотарот има право на бранител од редот на адвокати.

## 2. Дисциплински органи

**Член 6**

(1) Дисциплински органи на Комората се:

- Дисциплинскиот совет, како првостепен дисциплински орган; и

- Второстепениот дисциплински совет, како второстепен орган.

**Член 7**

(1) Членовите на Дисциплинскиот совет и на Второстепениот дисциплински совет се избираат на начин, во постапката и времетраење на мандат утврдени со Законот за нотаријатот и со Статутот на Комората.

(2) Мандатот на членовите на Дисциплинскиот совет и на Второстепениот дисциплински совет започнува да тече од денот на одржувањето на конститутивната седница.

**Член 8**

(1) На конститутивната седница на Дисциплинскиот совет и на Второстепениот дисциплински совет се избира претседател и негов заменик.

(2) Доколку за претседател на Дисциплинскиот совет и на Второстепениот дисциплински совет биде избран член кој не е нотар, тогаш за заменик-претседател се избира член од редот на нотарите и обратно.

(3) Заменик-претседателот го заменува претседателот во случај на негово отсуство и ги има истите права и должности како и претседателот.

(4) Заменикот на членот на Дисциплинскиот совет го заменува членот во случај на негово отсуство и ги има истите права и должности како и членот.

**Член 9**

(1) Дисциплинскиот совет и Второстепениот дисциплински совет се самостојни и независни во водењето на постапката и донесувањето на одлуките, а за својата работа одговараат пред Собранието и пред Управниот одбор на Комората.

(2) Членовите на Дисциплинскиот совет и на Второстепениот дисциплински совет не можат да бидат повикани на одговорност за одлуките што ги донесуваат во текот на дисциплинската постапка.

(3) За своето работење во претходната календарска година, Дисциплинскиот совет поднесува писмен извештај до Собранието на Комората, а Второстепениот дисциплински совет поднесува писмен извештај до Управниот одбор на Комората.

## 2.1. Изземање

**Член 10**

(1) Нотарот има право, со писмено образложено барање, да бара изземање на член на Дисциплинскиот совет или на Второстепениот дисциплински совет ако постојат околности што предизвикуваат сомневање во неговата непристрасност.

(2) Органите од ставот 1 на овој член ќе го прекинат постапувањето сè до донесувањето решение по барањето за изземање.

(3) По барањето за изземање одлучува Управниот одбор на Комората, по претходно писмено произнесување на членот на дисциплинскиот орган, во врска со причините поради кои се бара неговото изземање.

(4) Управниот одбор во најитен рок, а најдоцна на првата наредна седница, одлучува со формално решение, кое се доставува до нотарот.

(5) Против решението со кое се одлучува по барањето за изземање не е дозволена посебна жалба.

## 2.2. Секретар на дисциплинските совети

**Член 11**

(1) Секретарот се избира на конститутивна седница на дисциплинските совети од редот на вработените во Стручната служба на Комората, дипломирани правници, со мандат како и членовите на дисциплинските совети. Во негово отсуство го заменува заменик-секретарот на Комората. Еден ист вработен во Стручната служба на Комората може да биде секретар во двата дисциплински совети.

(2) Секретарот на Дисциплинскиот совет и на Второстепениот дисциплински совет се грижи за уредноста на дисциплинските предмети, води евиденција на предметите кои се во работа, како и оние кои се правосилно завршени, учествува во работата на Дисциплинскиот совет и на Второстепениот дисциплински совет, со водење записник од расправата, односно седницата и за советување членови на дисциплинските совети, а врши и други работи по налог на претседателот на дисциплинските совети. Во договор со претседателот на дисциплинските совети, ги закажува расправите и седниците и ги известува лицата што треба да присуствуваат.

## 2.3. Овластен соработник

**Член 12**

(1) Во работата на дисциплинските совети може да учествува лице - овластен соработник, кое врз основа на одлука од Управниот одбор е ангажирано за проучување на предметите во дисциплинска постапка. Овластениот соработник се определува од редот на истакнати правници.

(2) Овластениот соработник при проучување на списите на предметот е должен и овластен да соработува со претседателот и со членот на Советот определен за известител и да ги прибира сите податоци, известувања, писмени докази и мислења за фактите и околностите кои се од значење за давање извештај на Советот.

### 2.4. Стручна служба

**Член 13**

Административните и други работи за потребите на дисциплинските совети ги врши Стручната служба на Комората.

## 3. Дисциплинска одговорност

**Член 14**

(1) За повреда на законот, Кодексот на професионалната етика на нотарите и актите на Комората, нотарот одговара дисциплински.

(2) Нотарот одговара дисциплински за повреда на службената должност што ќе ја стори по своја вина.

**Член 15**

(1) Дисциплинската повреда е сторена со умисла кога нотарот бил свесен за своето дело и го сакал неговото извршување или кога бил свесен дека поради неговото постапување или непостапување може да настапи штетна последица, но се согласил со нејзиното настапување.

(2) Дисциплинска повреда е сторена од небрежност кога нотарот бил свесен дека поради неговото постапување или непостапување може да настапи штетна последица, но сметал дека ќе може да ја спречи или дека таа нема да настапи, иако според околностите и според своите лични својства бил должен и можел да биде свесен за таа можност.

## 4. Првостепената постапка пред Дисциплинскиот совет

**Член 16**

(1) По приемот на предлогот за поведување дисциплинска постапка се образува предмет кој се заведува под датумот на приемот во уписникот „ДП", при што добива соодветен број.

(2) Предлогот од став 1 на овој член веднаш се доставува до нотарот, на кој се однесува, кој во рок од осум дена од приемот доставува писмен одговор и докази кои се наведени во предлогот, а се наоѓаат кај него.

(3) Во случај ако нотарот не постапи во согласност со став 2 од овој член, дисциплинската постапка продолжува, а Дисциплинскиот совет ќе цени од какво значење е фактот дека нотарот, кој располага со доказот, не сака да го достави или тврди дека не се наоѓа кај него.

**Член 17**

(1) Претседателот на Дисциплинскиот совет усно определува член на советот, кој во соработка со овластениот соработник од член 12 на овој правилник го проучува и подготвува предметот за излагање.

(2) Излагањето по предметот, во својство на известител, го врши членот на советот од став 1 на овој член.

(3) Расправата пред Дисциплинскиот совет започува со извештајот на известителот за состојбата на работата по предметот.

**Член 18**

(1) Дисциплинскиот совет ја спроведува дисциплинската постапка во полн состав.

(2) Во случај на спреченост за присуство, членот на Дисциплискиот совет е должен навремено да го извести секретарот.

(3) На седниците на Дисциплинскиот совет се одржува расправа по дисциплинскиот предмет.

(4) Расправата се одржува во службените простории на Комората.

(5) Во подготвителната фаза на одржување на расправата може да се спроведе извидување со цел за прибирање докази, податоци и известувања кои овозможуваат завршување на дисциплинската постапка. Извидувањата ги спроведува секретарот на Дисциплинскиот совет, за што составува записник во кој се наведува начинот, времето и местото на кое е извршено извидувањето.

**Член 19**

(1) Расправата ја закажува претседателот на Дисциплинскиот совет, а во негово отсуство, заменикот-претседател.

(2) На расправата на која се повикува нотарот и неговиот бранител, ако е посочен во одговорот на предлогот за поведување дисциплинска постапка, се повикуваат и сведоците, вештаците, а по потреба и други лица.

(3) Поканата за расправа се доставува најдоцна осум дена пред денот на одржувањето на расправата.

(4) Поканата за расправата содржи име и презиме на лицето кое се повикува, времето и местото на одржување на расправата, причината за повикување и својство во кое се повикува лицето во постапката.

(5) Во поканата за расправата нотарот се предупредува дека ќе се одржи во негово отсуство, доколку отсуството е неправдано или не е поткрепено со соодветни докази.

(6) Доставата на поканата за расправата, како и на другите писмена кои се доставуваат во текот на дисциплинската постапка, се врши на нотарот против кого е поведена дисциплинската постапка.

**Член 20**

(1) Пред почетокот на расправата, претседателот на Дисциплинскиот совет утврдува дали се присутни сите повикани лица.

(2) Расправата може да се одржи во отсутво на нотарот и неговиот бранител под условите утврдени со членот 19 став 4 од овој правилник.

(3) По оцена на Дисциплинскиот совет, за расправата по конкретен дисциплински предмет може да се одржат повеќе рочишта.

(4) Во случаите од став 3 на овој член, Дисциплинскиот совет работи во ист состав. Доколку Дисциплинскиот совет продолжи со работа во променет состав, расправата мора да започне отпочеток.

**Член 21**

(1) Кога се исполнети условите за одржување на расправата, претседателот на Дисциплинскиот совет ја отвора, му дава збор на известителот од член 17 од овој Правилник, а потоа и на нотарот и

неговиот бранител, на сведоците, на вештаците и др., при што се грижи за правилно водење на дисциплинската постапка.

(2) Излагањето по предметот се врши усно, при што се изложува состојбата на која се укажува во предлогот за поведување дисциплинска постапка и онаа која се утврдува од списите на предметот. На крајот на излагањето, известителот е должен да наведе кои наводи од предлогот смета дека се основани, а кои не, како и да ги изнесе аргументите за тоа според состојбата во списите.

(3) Претседателот и членовите на Дисциплинскиот совет може да поставуваат прашања и да бараат објаснувања.

(4) По изјаснување на членот – известителот и нотарот и изнесената одбрана, Дисциплинскиот совет пристапува кон изведување на предложените докази. Доказите се изведуваат со читање или со сослушување сведоци, а кога е потребно се одредува и вештачење.

(5) На крајот на расправата нотарот и бранителот даваат завршен збор.

(6) Расправата, по правило, завршува во истиот ден кога е и започната, освен во случаите од член 20 став 3 на овој правилник.

(7) За дејствијата преземени на расправата, секретарот на Дисциплинскиот совет води записник кој содржи податоци за составот на Дисциплинскиот совет, подносителот на предлогот за поведување на дисциплинска постапка, времето и местото на нејзиното одржување, нотарот и неговиот бранител, доколку таков има, законскиот основ на дисциплинската повреда, битната содржина на исказот на нотарот, сведоците и изведените докази.

(8) Записникот мора да биде завршен со заклучувањето на расправата, а го потпишуватаат: претседателот, нотарот против кого се води дисциплинската постапка, односно неговиот бранител и записничарот.

(9) Доколку нотарот или неговиот бранител одбијат да го потпишат записникот, одбивањето ќе се констатира во записникот на местото за потпис, а доколку се наведени, ќе се внесат и причините за одбивањето.

**Член 22**

(1) По заклучување на расправата, Дисциплинскиот совет донесува одлука со мнозинство гласови.

(2) По исклучок од ставот 1 на овој член, Дисциплинскиот совет може да донесе одлука во рок од три дена од денот на заклучување на расправата ако за тоа постојат оправдани причини, односно во рок од осум дена ако се работи за очигледно сложен предмет.

(3) За советувањето и гласањето се составува посебен записник кој содржи: состав на Дисциплинскиот совет, место и време на одржување на советувањето, текот на гласањето и одлука.

(4) Издвоените мислења, доколку ги има, се внесуваат во самиот записник, а го потпишуваат сите членови на Дисциплинскиот совет и записничарот.

(5) Записникот за советувањето и гласањето ќе се затвори во посебна обвивка, на која се става тркалезен службен печат на Комората.

(6) Записникот од ставот 3 на овој член може да го разгледа само Второстепениот дисциплински совет, кога одлучува по жалба на нотарот и надлежниот управен суд во постапката по тужба на нотарот.

**Член 23**

(1) При изрекување на дисциплинската мерка, Дисциплинскиот совет ќе ги има предвид сите околности што влијаат дисциплинската мерка да биде помала или поголема (олеснителни или отежнителни околности), а особено степенот на дисциплинската одговорност, побудите од кои е сторена повредата и нејзините последици, околностите под кои е сторена повредата, поранешното однесување и вршењето на нотарските работите од страна на нотарот, како и други олеснителни и отежнителни околности.

(2) Во случај на поврат сторен во период од една до три години, се изрекува потешка дисциплинска мерка сè додека не се стигне до дисциплинската мерка трајно одземање на правото на вршење на нотарската служба.

## 4.1. Одлуки на Дисциплинскиот совет

**Член 24**

(1) Дисциплинскиот совет своите одлуки ги донесува во форма на решение, со мнозинство гласови од вкупниот број на неговите членови.

(2) Дисциплинскиот совет донесува:

- Решение со кое се отфрла предлогот за поведување дисциплинска постапка, доколку предлогот е недозволен, односно поднесен од неовластено лице;

- Решение со кое нотарот се ослободува од одговорност дека сторил дисциплинска повреда и

- Решение со кое нотарот се огласува виновен за сторена дисциплинска повреда и со кое му се изрекува соодветна дисциплинска мерка.

**Член 25**

(1) Дисциплинскиот совет не е врзан за предлозите на подносителот на предлогот за поведување дисциплинска постапка, во поглед на правната оцена на дисциплинската повредата.

(2) За сторена дисциплинска повреда, Дисциплинскиот совет може да ги изрече следниве мерки:
- писмена опомена;
- јавна опомена;
- парична казна;
- привремено одземање на правото на вршење нотарска служба и
- трајно одземање на правото на вршење нотарска служба.

(3) Паричната казна се изрекува во евра, во денарска противвредност според средниот курс што го објавува Народна банка на Република Северна Македонија на денот на донесувањето на решението.

**Член 26**

Решението за изрекување дисциплинска мерка содржи:

- Вовед, во кој се наведува кој и кога го донел решението, по повод чија одговорност и во врска со чиј предлог;

- Изрека, во која се внесува краткиот опис на повредата за која нотарот е огласен за виновен и видот на изречената дисциплинска мерка, рок за извршување на дисциплинската мерка, образложение

во кое се наведува кои факти и врз основа на кои докази се утврдени, каква е оцената на изведените докази и кои околности се земени предвид при изрекувањето на мерката и

- Поука за заштита на правата.

**Член 27**

Писмено изготвено и образложено решение се доставува до нотарот и бранителот, ако учествувал во дисциплинската постапка, во рок од 8 дена од денот на изготвеното решение.

## 5. Постапка пред Второстепениот дисциплински совет

**Член 28**

(1) Против решението на Дисциплинскиот совет, со кое се изрекува дисциплинска мерка, нотарот има право на жалба до Второстепен дисциплински совет во рок од осум дена од приемот на решението.

**Член 29**

(1) По приемот, жалбата се заведува во деловодниот уписник на Комората и се здружува со списите на предметот на кој се однесува.

(2) Предметот со сите списи, заедно со жалбата, се доставува до претседателот на Второстепениот дисциплински совет, кој постапува соодветно со членот 17 од овој правилник.

**Член 30**

(1) Седницата на Второстепениот дисциплински совет, по правило, се одржува без присуство на жалителот, освен во случај ако со жалбата побара да присуствува лично или преку својот бранител, на седницата на која се одлучува по жалбата.

(2) Во постапката пред Второстепениот дисциплински совет соодветно се применуваат одредбите од членовите 17, 18, 19, 20, 21 и 22 од овој правилник.

**Член 31**

(1) Во постапката по жалба, Второстепениот дисциплински совет одлучува со решение со кое го укинува решението на Дисциплинскиот совет и предметот го враќа на повторно постапување и одлучување или го потврдува решението на Дисциплинскиот совет, на начин што:

- жалбата ја отфрлува како ненавремена или недозволена;

- жалбата делумно ја уважува на начин што обжаленото решение, во еден дел, го потврдува, а во останатиот дел го укинува и предметот, во тој дел, го враќа на повторно постапување и одлучување до првостепениот дисциплински орган;

- жалбата ја одбива како неоснована и го потврдува обжаленото решението и

- жалбата ја уважува, обжаленото решение го укинува и предметот го враќа на повторно постапување и одлучување до првостепениот дисциплински орган.

**Член 32**

Против решението од членот 31 став 1 точки 1, 2 и 3 од овој правилник, нотарот има право да поведе управен спор пред надлежен управен суд, во согласност со Законот за управните спорови.

## 6. Извршување на дисциплинските одлуки

**Член 33**

(1) Правосилното решение донесено во дисциплинска постапка го извршува претседателот на Комората.

(2) Изречената дисциплинска мерка се извршува најдоцна во рок од 30 дена од денот на конечноста и правосилноста, доколку не произлегува нешто друго од одлуката на Дисциплинскиот совет.

(3) Дисциплинската мерка писмена опомена содржи предупредување да не се повтори повредата.

(4) Изречената јавна опомена се објавува во првиот нареден број на стручното списание „Нотариус" што го издава Комората. Објавата содржи деловоден број и датум на конечното решение, во согласност со одредбите за заштита на личните податоци, како и правната квалификација на сторената(ите) дисциплинска(и) повреда(и).

(5) Изречената парична казна нотарот е должен да ја уплати на сметка на Комората. Врз основа на писмено барање на нотарот, претседателот на Комората со решение може да одлучи извршувањето на паричната казна да се определи во најмногу три еднакви месечни рати, што зависи од висината на изречената казна.

(6) Во случај ако нотарот не постапи во согласност со ставот 5, претседателот на Комората поднесува барање за извршување во согласност со Законот за извршувањето.

(7) Паричните средства добиени со извршување на паричната казна, кои се уплатуваат на сметка на Комората, се наменски и се користат за стручно усовршување на нотарите.

## 7. Бришење дисциплински мерки

**Член 34**

(1) Дисциплинската мерка – писмена опомена, се брише од Именикот по истекот на една година од денот на конечноста или правосилноста на решението.

(2) Дисциплинската мерка – јавна опомена, се брише од Именикот по истекот на три години од денот на конечноста или правосилноста на решението.

(3) Сите други дисциплински мерки се бришат по истекот на пет години од денот на конечноста или правосилноста на решението.

(4) Бришењето се врши врз основа на писмено барање на нотарот, кое се доставува до претседателот на Комората и во кое се наведува ознаката на дисциплинскиот предмет.

(5) По поднесеното барање за бришење, претседателот донесува заклучок, кој се доставува до нотарот.

(6) Бришењето на мерката се регистрира во Именикот на нотарите што се води во Комората.

## 8. Надоместок на трошоци

**Член 35**

Надоместокот на трошоци за работата на членовите на Дисциплинскиот совет и на Второстепениот дисциплински совет и на овластениот соработник се определува со одлука, која ја донесува Управниот одбор на Комората.

## 9. Преодни и завршни одредби

**Член 36**

(1) Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на неговото објавување на огласната табла и на веб-страницата на Нотарската комора на Република Северна Македонија.

(2) Правилникот од став 1 на овој член ќе биде објавен и во стручното списание „Нотариус“.

**Член 37**

(1) Со денот на влегувањето во сила на овој правилник престанува да важи Правилникот за дисциплинска одговорност и дисциплинска постапка на Нотарската комора на Република Македонија од 29.09.2007 година, 27.03.2010 година, 22.04.2012 година и 22.03.2014 година.

(2) Започнатите постапки по Правилникот за дисциплинска одговорност и дисциплинска постапка на Нотарската комора на Република Македонија од 29.09.2007 година, 27.03.2010 година, 22.04.2012 година и 22.03.2014 година, кои сè уште не се завршени, продолжуваат согласно одредбите од овој правилник.

НОТАРСКА КОМОРА НА РСМ
Претседател
Методија Ристоски с.р.

Врз основа на член 122 став 1 точка а) од Законот за нотаријатот („Сл. весник на РМ“ бр. 72/16, 142/16 и 233/18) и член 34 од Статутот на Нотарската комора на Република Северна Македонија, Управниот одбор на Нотарската комора на Република Северна Македонија на седницата одржана на ден 12.02.2021 година, го донесе следниот

# П Р А В И Л Н И К

за постапување по претставки, предлози и иницијативи за поведување дисциплинска постапка против нотар, заменик-нотар и нотар кој привремено ја врши службата.

**Член 1**

Со овој правилник, поблиску се уредува начинот на постапување по поднесени претставки, предлози и иницијативи (во натамошниот текст: претставки) од страна на физичко или правно лице, доставени до Нотарската комора (во натамошниот текст: Комората), во согласност со Законот за постапување по претставки и предлози, кои имаат карактер на предлог за покренување дисциплинска постапка против нотар, заменик-нотар и нотар кој привремено ја врши службата, во согласност со Законот за нотаријатот.

## Постапување по претставки, предлози и иницијативи

**Член 2**

(1) По приемот, претставката се заведува во деловодник кој го води Комората и се формира предмет, кој хронолошки се заведува во Уписникот за водење претходна дисциплинска постапка против нотар, заменик-нотар и нотар кој привремено ја врши службата.

(2) Предметот од ставот 1 на овој член го задржува деловодниот број и датумот од деловникот на Комората и бројот од Уписникот за водење претходна дисциплинска постапка против нотар, заменик-нотар и нотар кој привремено ја врши службата.

## Одговор по претставка

**Член 3**

(1) Претставката од членот 2 став 1 од овој правилник, Стручната служба на Комората веднаш ја доставува до нотарот, до заменик-нотарот или до нотарот кој привремено ја врши службата на кој се однесува, кој во рок од осум дена од приемот, до Комората дава писмен одговор на наводите содржани во претставката и писмени докази со кои располага. Доколку претставката е поднесена против заменик-нотар, писмено се известува и нотарот кој го заменува.

(2) Ако писмениот одговор не се достави во рокот од ставот 1 на овој член, ќе се одлучи врз основа на расположливи докази.

(3) По истекот на рокот за доставување, Стручната служба предметот го доставува до претседателот на Комората.

## Овластен соработник за проучување претставка

### Член 4

(1) Претседателот на Комората, по негов избор, може да определи лице – овластен соработник за проучување на предметот и давање на мислење, кое врз основа на одлука од Управниот одбор е ангажирано за таа работа. Овластениот соработник се определува од редот на истакнати правници.

(2) Овластениот соработник при проучување на списите на предметот е должен и овластен да ги прибира сите податоци, известувања, писмени докази и мислења за фактите и околностите кои се од значење за давање писмено известување до претседателот на комората.

(3) Овластениот соработник определен за проучување и давање на мислење по конкретни претставки има право на надомест определен со одлука на Управниот одбор.

(4) По проучување на списите на предметот, овластениот соработник писмено го известува претседателот на Комората за правната и фактичката состојба по предметот, како надлежен орган за покренување дисциплинска постапка, а по барање на претседателот, тоа може да го стори и усно.

## Одлучување по претставка

### Член 5

(1) Претседателот на Комората одлучува дали претставката ќе биде отфрлена или ќе биде покрената дисциплинска постапка, во согласност со член 134 став 2 од Законот за нотаријатот.

(2) Доколку претседателот на Комората оцени дека претставката не укажува на постоење основано сомнение дека нотарот, заменик-нотарот или нотарот кој привремено ја врши службата сторил дисциплинска повреда, претставката се отфрла, за што писмено се известува подносителот и нотарот, заменик-нотарот и нотарот кој привремено ја врши службата.

(3) Доколку претседателот на Комората оцени дека претставката укажува на постоење основано сомнение дека нотарот, заменик-нотарот или нотарот кој привремено ја врши службата сторил дисциплинска повреда, се изготвува писмен предлог кој содржи факти и докази, од кои се утврдува постоењето дисциплинска повреда.

(4) Во случај од ставот 1 на овој член, понатамошниот тек на постапката се води согласно со одредбите од Законот за нотаријатот и Правилникот за дисциплинска одговорност и дисциплинска постапка на Комората.

## Анонимна претставка

### Член 6

Претседателот на Комората не постапува по анонимна претставка, освен ако се работи за прашање од јавен интерес утврден со закон.

## Повлекување на претставка

### Член 7

(1) Подносителот има право во секое време да ја повлече поднесената претставка, со поднесување писмен поднесок до Комората, врз основа на што ќе се донесе решение за повлекување на

претставката, за што писмено се известува подносителот и нотарот, заменик-нотарот и нотарот кој привремено ја врши службата.

(2) Претставката повлечена по поднесување предлог за дисциплинска постапка е без влијание на натамошниот тек на постапката.

## Архивирање предмет

### Член 8

По завршување на постапката, предметот се разведува од Уписникот за водење претходна дисциплинска постапка против нотарот, заменик-нотарот или нотарот кој привремено ја врши службата, а потоа се архивира.

### Член 9

Административните и други работи за потреби на водење претходна дисциплинска постапка против нотарот, заменик-нотарот или нотарот кој привремено ја врши службата, ги врши Стручната служба на Комората.

## Преодни и завршни одредби

### Член 10

(1) Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на неговото објавување на огласната табла и на веб-страницата на Нотарската комора на Република Северна Македонија.

(2) Правилникот од став 1 на овој член ќе биде објавен и во стручното списание „Нотариус“.

### Член 11

Изменувањето и дополнувањето на овој правилник се врши на ист начин како и при неговото донесување.

### Член 12

Во недостиг на одредби во овој правилник, се применуваат одредбите од Законот за постапување по претставки и предлози.

### Член 13

Започнатите постапки по Правилникот за постапување по претставки со кои се бара поведување дисциплинска постапка против нотар со бр. 02-854/16 од 19.05.2012 год., бр. 02-80/34 од 27.01.2018 год. и 02-1053/21 од 20.07.2018 год., кои сè уште не се завршени, продолжуваат согласно одредбите од овој правилник.

### Член 14

Со денот на влегувањето во сила на овој правилник, престанува да важи Правилникот за постапување по претставки со кои се бара поведување дисциплинска постапка против нотар со бр. 02-854/16 од 19.05.2012 год., бр. 02-80/34 од 27.01.2018 год. и 02-1053/21 од 20.07.2018 год.

УПРАВЕН ОДБОР НА НКРСМ
Претседател
Методија Ристоски с.р.

Врз основа на член 122 став 1 точка а), од Законот за нотаријатот („Сл. весник на РМ“ бр. 72/16, 142/16 и 233/18) и член 35 став 4 од Статутот на Нотарската комора на Република Северна Македонија, Управниот одбор на Нотарската комора на седницата одржана на ден 12.02.2021 година, го донесе следниот

# П Р А В И Л Н И К

## за работа на Стручниот совет на Нотарската комора на Република Северна Македонија

## Општи одредби

### Член 1

Со овој правилник за работа на Стручниот совет на Нотарската комора на Република Северна Македонија (во натамошниот текст: Стручен совет) се уредуваат целите на работењето на Советот, именувањето членови и нивното разрешување, правилата за работа, надлежностите, утврдување на правните мислења, заклучоци, одговори и ставови и нивното усвојување, како и други прашања во врска со неговото работење.

### Член 2

(1) Стручниот совет е советодавен орган на Комората.

(2) Стручниот совет врши работа од интерес на Нотаријатот насочена кон стручно унапредување и усовршување на нотарското работење и на целокупната нотарска служба.

## Состав на Стручниот совет

### Член 3

(1) Стручниот совет го сочинуваат пет постојани членови, од кои двајца се именуваат од редот на нотарите и тројца од редот на истакнати правници.

(2) Од редот на нотарите за членови се именуваат нотари над шест години работно искуство како нотар кој се афирмирал во своето стручно работење.

(3) Од редот на истакнати правници се именуваат судии, пензионирани судии, пензионирани нотари, професори или професори во пензија по правни науки и др.

(4) Во работата на Стручниот совет учествуваат и пет постојани надворешни соработници, кои се именуваат од редот на истакнати правници (судии, пензионирани судии, пензионирани нотари, професори или професори во пензија по правни науки и др.).

(5) Пред именувањето, со кандидатите се врши претходна консултација за нивна согласност и ангажман.

(6) Стручниот совет има секретар, кој активно учествува во неговата работа.

### Член 4

(1) Во зависност од карактерот на правните прашања, Стручниот совет може да покани во неговата работа да земат учество и други надворешни лица од редот на судии, универзитетски

професори, истакнати правници и други експерти, кои со своето учество можат да придонесат во разрешување на спорните прашања.

(2) Поради причините наведени во став 1 на овој член, Стручниот совет може да формира повремени комисии или работни групи со определен предмет на нивната работа.

## Именување и разрешување членови на Стручниот совет

**Член 5**

(1) Членовите и надворешните соработници на Стручниот совет се именуваат со одлука на Управниот одбор, за мандат од три години од денот на конституирање на Стручниот совет.

(2) Управниот одбор ги разрешува членовите на Стручниот совет, ако за тоа постојат оправдани причини.

(3) Член или надворешен соработник на Стручниот совет може да поднесе писмена оставка до Управниот одбор.

(4) Во случаите од ставовите 2 и 3 на овој член, Управниот одбор во најкус рок именува друг член или надворешен соработник на Стручниот совет.

**Член 6**

Членовите и надворешните соработници на Стручниот совет, за време на својот мандат, се должни совесно и стручно да ја вршат својата функција во Стручниот совет.

## Цели во работењето на Стручниот совет

**Член 7**

(1) Работата на Стручниот совет има за цел да придонесе за законито, стручно и професионално работење на нотарите и еднообразност во постапувањето.

(2) Стручниот совет преку својата работа треба да го афирмира нотаријатот како стручна, независна и самостојна јавна служба, како во Република Северна Македонија, така и во странство.

## Годишен извештај и програма за работа на Стручниот совет

**Член 8**

(1) За својата работа Стручниот совет поднесува годишен извештај до Управниот одбор и до Собранието на Комората.

(2) Стручниот совет донесува програма за работа во тековната календарска година, која ја усвојува Управниот одбор на Комората.

## Избор на претседател на Стручниот совет

**Член 9**

(1) Конститутивната седница на Стручниот совет ја свикува претседателот на Комората.

(2) Со конститутивната седница претседава највозрасниот член на Стручниот совет.

(3) На конститутивната седница се врши избор на претседател на Стручниот совет од редот на нотарите.

## Свикување и начин на работа на Стручниот совет

**Член 10**

(1) Седницата на Стручниот совет ја закажува и свикува претседателот во рок кој овозможува доволно време за проучување на прашањата кои се ставени на дневниот ред на седницата. Со известувањето за седницата, по електронски пат се доставуваат предлог-дневен ред и писмени материјали.

(2) За учество на надворешните соработници на седницата на Стручниот совет, одлучува претседателот на Советот, зависно од карактерот на правните прашања кои се предмет на расправа.

(3) Седниците на Стручниот совет можат да се одржуваат и по електронски пат, преку соодветни интернет-платформи. За одржувањето на седниците по електронски пат одлучува претседателот на Стручниот совет или на барање од мнозинството на членовите на Стручниот совет.

(4) Во случај на спреченост на претседателот, со седницата на Стручниот совет раководи член на Стручниот совет од редот на нотарите.

(5) Членовите и надворешните соработници на Стручниот совет учествуваат во работата на седницата на Стручниот совет, а во случај на спреченост, претходно го известуваат секретарот на Стручниот совет.

## Секретар на Стручниот совет

**Член 11**

(1) Организациско-техничките работи на Стручниот совет ги врши секретарот, кој го именува Стручниот совет од редот на дипломираните правници со положен правосуден испит вработени во Стручната служба на Комората.

(2) Мандатот на секретарот е со времетраење еднакво со мандатот на членовите на Стручниот совет.

(3) Секретарот на Стручниот совет активно учествува со свои предлози и мислења во неговата работа и води записник, обезбедува стручни и други материјали и врши и други работи по налог на претседателот на Стручниот совет.

(4) Административните и други работи за потребите на Стручниот совет ги врши Стручната служба на Комората, по налог на секретарот на Стручниот совет.

## Надлежности на Стручниот совет

**Член 12**

Надлежности на Стручниот совет се:

- Донесува правни мислења, заклучоци, одговори и ставови заради еднообразно, законито, стручно и професионално работење и постапување на нотарите;

- Утврдува предлози за стручни теми и правни прашања кои ќе бидат предмет на расправа на стручните семинари и тематски средби на Комората;

- Утврдува ставови по одредени правни прашања заземени на одржаните семинари и тематски расправи;

- Дава мислења и предлози за статусот и положбата на нотаријатот во правниот систем;

- Дава иницијативи и предлози за измени и дополнувања на закони и подзаконски акти за прашања од нотарската служба, како и на Статутот и другите акти на Комората;

- Покренува иницијатива до Управниот одбор за оцена на усогласеноста на законите со Уставот или согласноста на другите прописи со Уставот и со законите;

- Учествува на стручни семинари и конференции во и надвор од државата од значење за Нотаријатот, а со цел за унапредување на нотарската служба;

- Го следи и анализира компаративното право поврзано со нотарската служба;

- По потреба изготвува информации за прашањата од интерес за нотаријатот;

- Презема активности за стручно усовршување на нотарите; и

- Други работи во интерес на нотаријатот.

## Доставување иницијативи, барања и предлози

### Член 13

(1) Нотарите имаат право до Стручниот совет да доставуваат иницијативи и предлози за одредени стручни правни прашања во врска со примената на законите и подзаконските акти.

(2) Стручниот совет по барање на Управниот одбор разгледува одделни правни прашања.

(3) Стручниот совет на барање на претседателот на Нотарската комора, во рамките на своите надлежности утврдени со закон и подзаконски акти, дава мислење по одредени правни прашања.

(4) Стручниот совет прашањата од став 1 на овој член може да ги разгледува и по сопствена иницијатива.

(5) Стручниот совет не е надлежен да дава правни мислења и толкувања на трети лица (органи, организации, адвокати, граѓани и др.).

### Член 14

(1) Стручниот совет ги утврдува спорните правни прашања кои се однесуваат на примена на закони и подзаконски акти, врз основа кои ги предлага темите по кои треба да се организираат семинари и тематски расправи.

(2) Семинарите, тематските расправи и работата на Стручниот совет треба да придонесе до стручно усовршување и до унапредување на знаењето на нотарите со законската регулатива и судската практика поврзана со нотарската дејност.

(3) Стручниот совет дава предлози и учествува во изготвување на материјали кои ќе бидат предмет на расправа на семинари, работилници, вебинари, тематски средби и сл.

## Стручно организирање семинари

### Член 15

(1) Стручниот совет ги предлага темите за организирање семинари, работилници, вебинари, тематски средби и сл.

(2) Стручниот совет предлага тематски средби за стручно усовршување на нотарите и за спроведување обуки за новоименувани нотари и вработени во нотарски канцеларии.

(3) Во зависност од прашањата и темите на семинарот, Стручниот совет може да предложи да учествуваат и лица од редот на судии, универзитетски професори, како и други истакнати правници и експерти за кои ќе оцени дека со своето учество можат да придонесат во разрешување спорни правни прашања.

(4) Стручниот совет може да даде предлог за организирање меѓународни конференции, семинари, работилници, вебинари и слично во земјата и во странство, како и да предложи учество на претставници од редот на нотарите.

## Постапување по прашања и одговори

### Член 16

(1) Нотарот може да постави прашање во врска со тема која се разгледува на семинарот.

(2) Прашањето во писмена форма нотарот го доставува до Стручниот совет, најдоцна осум дена пред одржување на семинарот.

(3) Стручниот совет го разгледува прашањето, го утврдува одговорот кој усно го презентира и образложува на семинарот.

(4) Доколку на дадениот одговор се ставени забелешки или се изнесени различни мислења, конечниот одговор го утврдува Стручниот совет.

(5) Стручниот совет на првата наредна седница утврдува писмени одговори, кои се доставуваат на потврдување до Управниот одбор, а потврдените одговори се доставуваат до сите нотари.

(6) Прашање кое се однесува на конкретен нотарски предмет не се разгледува на семинарот и по истиот се постапува во согласност со членот 19 од Правилникот.

(7) Врз основа на спроведена поширока расправа по одредени теми и стручни прашања на семинари, тематски средби, работилници, вебинари и сл., Стручниот совет донесува правни мислења, заклучоци, одговори и ставови по одредени стручни прашања.

## Видови одлуки

### Член 17

(1) Правно мислење се донесува во случај кога станува збор за правно прашање кое има општ карактер и пошироко значење во примена на законот. Правното мислење содржи изрека (сентенција) и образложение за правната и фактичката состојба.

(2) Заклучок се донесува во случај на толкување и примена на конкретна законска или подзаконска одредба. Заклучокот содржи изрека (сентенција) и по правило не содржи посебно правно образложение.

(3) Одговор се донесува кога станува збор за конкретно правно прашање, кое е поставено за конкретен предмет и правна ситуација.

## Постапување по правни мислења, заклучоци, одговори и ставови и нивно усвојување

### Член 18

Стручниот совет донесува правни мислења, заклучоци и одговори, по одредени правни прашања кои се однесуваат на примената на законите и подзаконските атки и меѓународни документи во врска со работата на нотарите.

**Член 19**

Нацрт-правното мислење, заклучокот или одговорот, во писмена форма, го изготвува определен член или надворешен соработник на Стручниот совет и истиот претставува основ за стручна расправа.

## Усвојување

**Член 20**

(1) Стручниот совет по исцрпувањето на дискусијата по нацрт-правното мислење, заклучокот или одговорот, донесува одлука за неговото усвојување.

(2) Одлуката се донесува со јавно гласање, со мнозинство на гласовите од вкупниот број членови на Стручниот совет.

(3) Резултатите од гласањето ги утврдува претседателот на Стручниот совет.

(4) При усвојувањето на правните мислења, заклучоците и одговорите, надворешните соработници немаат право на глас. Мислењето на надворешните соработници кои присуствуваат на седницата, Стручниот совет ќе го има предвид при одлучувањето.

**Член 21**

(1) Предлогот на правните мислења и заклучоците во писмена форма се доставуваат до сите нотари. Нотарот има право во рок од осум дена, во писмена форма, да даде образложени забелешки и свои предлози и мислења до Стручниот совет.

(2) Ако НЕ СЕ ДАДЕНИ забелешки и нови предлози, Стручниот совет на една од наредните седници ги усвојува утврдените правни мислења и заклучоци и ги доставува на формално потврдување на Управниот одбор на Комората, а потоа се објавуваат во стручното списание „Нотариус" и на веб-страницата на Комората.

(3) Ако СЕ ДАДЕНИ забелешки во смисла на став 1 од овој член, Стручниот совет ги разгледува и конечните мислења и заклучоци заедно со дадените забелешки, ги доставува на потврдување на Управниот одбор на Комората. Потврдените правни мислења и заклучоци се доставуваат до сите нотари, се објавуваат во стручното списание „Нотариус" и на веб-страницата на Комората.

(4) Ако Управниот одбор не потврди одредено правно мислење или заклучок, истото се враќа на повторно разгледување на Стручниот совет со конкретни предлози и забелешки од кои причини истото не е потврдено.

(5) Ако Стручниот совет не го промени своето мислење или заклучок и покрај тоа што е вратено на повторно разгледување, Управниот одбор може со своја одлука да заземе конечен став за одредено правно мислење и заклучок.

**Член 22**

Правните мислења, заклучоци и одговори имаат советодавен карактер и се во функција да им овозможат на нотарите полесно толкување и примена на законите и подзаконските акти.

## Збирки и публикации

**Член 23**

(1) Врз основа на одлука на Управниот одбор, Стручниот совет периодично изготвува Збирка на

правни мислења и заклучоци, со сентенции и предметен регистар, на публикации и сл. и врши нивно реиздавање.

(2) Збирките, публикациите и сл. имаат исклучиво интерен карактер и служат за потребите на Нотаријатот.

## Записник за седницата

### Член 24

(1) За седниците на Стручниот совет се води записник за работата, кој се става на усвојување на една од следните седници.

(2) Записникот го потпишува претседателот на Стручниот совет и секретарот откако претходно ќе биде усвоен.

(3) Записникот се води во посебна деловна книга на Комората.

### Член 25

Членовите на Стручниот совет и надворешните соработници кои учествувале на седница, за својата работа имаат право на надоместок на трошоците кои се утврдуваат со одлука на Управниот одбор на  Нотарската комора.

### Член 26

За прашањата кои не се уредени со овој правилник, ќе се имаат предвид и соодветно ќе се применуваат одредбите од Законот за нотаријатот и Статутот на Нотарската комора.

## Преодни и завршни одредби

### Член 27

(1) Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на неговото објавување на огласната табла и на веб страницата на Нотарската комора на Република Северна Македонија.

(2) Правилникот од став 1 на овој член ќе биде објавен и во стручното списание „Нотариус".

### Член 28

Изменувањето и дополнувањето на овој правилник се врши на ист начин како и при неговото донесување.

### Член 29

Со денот на влегувањето во сила на овој правилник, престанува да важи Правилникот за работа на Стручниот совет бр. 0302-6/1 од 13.03.1999 год. и бр. 02-133/6 од 07.02.2009 год.

УПРАВЕН ОДБОР НА НКРСМ
Претседател
Методија Ристоски с.р.

# ГЛАВА III >>

## МАТЕРИЈАЛИ УТВРДЕНИ ОД СТРУЧЕН СОВЕТ И УСВОЕНИ ОД УПРАВЕН ОДБОР

Во согласност со член 21 став (2) од Правилникот за работа на Стручниот совет на Нотарската комора на Република Македонија, Стручниот совет на Нотарска комора на Република Северна Македонија на седницата одржана на ден 19.3.2021 година и продолжението на 30.3.2021 година, едногласно го усвои и Управниот одбор на Нотарската комора на РМ, на седницата одржана на ден 4.6.2021 година, едногласно го потврди следното

# ПРАВНО МИСЛЕЊЕ

**Прибелешката на налог за извршување врз недвижност издаден од извршител во согласност со член 166 од Законот за извршување, не претставува законска забрана за отуѓување и оптоварување на недвижноста согласно одредбите од Законот за извршување, но согласно Правилникот за формата на налозите, заклучоците, записниците, барањата, службените белешки, потврдите и другите акти кои ги изготвува извршителот при преземањето на извршните дејствија (донесен од Министерот за правда и објавен во Сл. весник на РСМ бр.88/2019), пропишан е образец кој предвидува дека во налогот за извршување врз недвижност, меѓудругото, ќе се изрече и забрана на должникот да ја отуѓува и стварно-правно да ја оптоварува недвижноста (Образец бр.57 од Правилникот).**

**Во услови кога во јавната книга е запишана прибелешка на налог за извршување врз недвижност, ваквата забрана има правно дејство според принципот на точност на податоците и верба во јавните книги, па во случај кога сопственик на недвижност бара од нотар составување на нотарски акт или потврда (солемнизација) на приватна исправа, со која се врши располагање со недвижноста, за која во јавната книга е запишана прибелешка на налог за извршување, *располагањето со недвижноста нема да се дозволи,* без оглед дали сопственик на недвижноста е должникот спрема кого бил издаден налогот за извршување или трето лице кое подоцна се стекнало со сопственост над недвижноста врз основа на правосилна судска одлука, оставинско решение или друг правен основ.**

## Образложение

Стручниот совет го разгледа прашањето, дали прибелешката на налог за извршување врз недвижност претставува забрана за отуѓување и оптоварување на недвижноста и како ќе постапи нотарот во случај кога сопственик на недвижност бара од нотар составување на нотарски акт или потврда (солемнизација) на приватна исправа, со која се врши располагање со недвижноста за која во јавната книга е запишана прибелешка на налог за извршување и дали ограничувањето важи само за должникот или и за трето лице кое подоцна се стекнало со сопственост над недвижноста врз основа на правосилна судска одлука или друг правен основ.

По анализа на наведеното правно прашање и релевантната правна регулатива, Стручниот совет го усвои горенаведеното правно мислење од следните причини:

Правото на сопственост ужива највисока уставно-правна заштита во македонскиот правен систем, а истото е гарантирано и со Протоколот 1 на Европската конвенција за човековите права како ратификуван меѓународен извор на право со супрематија над домашното право. Никој не може да

биде ограничен во мирното уживање на сопственоста и правата кои произлегуваат од неа, освен кога се работи за јавен интерес и под услови предвидени со закон. Во светло на овие општи постулати, ограничувањето на правото на сопственост кое го вклучува и ограничувањето со слободно располагање со сопственоста, може да се предвиди со закон.

Во согласност со член 166 од Законот за извршување (ЗИ), извршување врз недвижности се спроведува со прибелешка на налогот за извршување врз недвижности во јавна книга, со утврдување на вредноста на недвижноста, со продажба на недвижноста и со намирување на доверителите од износот добиен со продажбата.

Според член 168 од ЗИ, (1) Во јавната книга ќе се изврши прибелешка на налогот за извршување врз недвижности. (2) Со таа прибелешка доверителот стекнува право своето побарување да го намири од недвижноста (право на намирување) и во случај трето лице подоцна, односно по прибележување на налогот за извршување врз истата недвижност да стекне право на сопственост или право на располагање, освен во случај кога ќе дојде до реализирање на предбележувањето со укнижување во јавната книга согласно одредбите на Законот за катастар на недвижности. (3) Доверителот кој барал извршување, а порано не стекнал заложно право, со прибелешката на налогот за извршување врз недвижности стекнува право од недвижноста да се намири пред лицето кое подоцна ќе стекне заложно право врз таа недвижност или право на намирување.

Од цитираните законски одредби, произлегува дека извршувањето врз недвижности заради наплата на парично побарување се спроведува со издавање на налог за извршување и негова прибелешка во јавната книга (конкретен имотен лист во катастарот на недвижности). Во моментот на запишување на прибелешката, облигационо-правниот однос помеѓу доверителот и должникот се проширува со дополнителна стварно-правна релација, која се воспоставува помеѓу доверителовото право на наплата на парично побарување и недвижноста која е предмет на извршување. Откако ќе се воспостави, таквата стварно-правна врска е нераскинлива, без оглед дали подоцна по било кој основ ќе дојде до промена на правото на сопственост врз недвижноста. Тоа значи дека секое трето лице – нов сопственик ќе биде должен да трпи доверителот да го намири своето парично побарување од недвижноста, без оглед на фактот што должникот повеќе не е сопственик на недвижноста. Истото се однесува и кога трето лице по запишување на прибелешката дополнително се стекне со заложно право или со право на намирување врз истата недвижност, така што доверителот не го губи првенственото право на намирување кое по сила на закон му го овозможува прибелешката.

За разлика од извршувањето врз други средства на извршување (подвижни предмети, побарувања, хартии од вредност, удели и акции и сл.) каде во одделна фаза на извршувањето по сила на закон се воспоставува забрана на должникот да располага со конкретното средство на извршување, што евентуалното располагање на должникот со тие средства го прави апсолутно ништовно, кај извршувањето врз недвижности Законот за извршување не пропишува забрана на должникот за располагање со недвижноста во ниту една фаза од извршувањето. Во истиот контекст, компаративно со одредбите на Законот за договорен залог, треба да се спомене дека и заложното право – хипотека над недвижност не воспоставува законска забрана за располагање со заложената недвижност, но хипотеката ја следи недвижноста, исто како и прибелешката на налог за извршување.

Меѓутоа, во Правилникот за формата на налозите, заклучоците, записниците, барањата, службените белешки, потврдите и другите акти кои ги изготвува извршителот при преземањето на извршните дејствија (донесен од Министерот за правда и објавен во Сл. весник на РСМ бр.88/2019), во образецот бр.57 каде е пропишана задолжителната форма и содржина на налогот за извршување врз недвижност издаден врз основа на член 166 од ЗИ, **предвидено е дека во налогот за извршување врз недвижност, меѓудругото, ќе се изрече и забрана на должникот да ја отуѓува и стварно-правно да ја оптоварува недвижноста.**

Иако ваквата содржина на налогот за извршување не е во склад со ниту една одредба од ЗИ, сепак се работи за, во овој момент, важечки подзаконски акт кој извршителите се должни да го применуваат при преземањето на извршните дејствија, како што децидно пропишува одредбата од член 40 став (5) од ЗИ. Сѐ додека постои во македонскиот правен поредок, иако е неусогласена, ваквата нормативна состојба наметнува забрана за располагање со недвижноста за која во јавната книга (имотен лист) е прибележан налог за извршување, имајќи го во вид и начелото на точност на податоците и верба во јавните книги утврдено со член 145 од Законот за катастар на недвижности.

Според тоа, доколку во јавната книга - имотен лист е запишана прибелешка на налог за извршување (кој според важечкиот Правилник на чија задолжителна примена упатува член 40 став (5) од Законот за извршување, во себе секогаш содржи забрана за отуѓување и оптоварување на недвижноста), **располагањето со недвижноста формално-правно не е дозволено и нотарот истото треба да го одбие. Ова од причина што нотарот има обврска да ги почитува сите забрани и ограничувања содржани во имотниот лист и истовремено да ги земе во предвид позитивните правни прописи од кои истите произлегуваат**.

Ваквото ограничување идентично важи без оглед дали сопственик на недвижноста е должникот спрема кого бил издаден налогот за извршување или трето лице кое подоцна се стекнало со сопственост над недвижноста врз основа на правосилна судска одлука, оставинско решение или друг правен основ. Правото на доверителот да се намири од недвижноста е независно од промената на сопственоста и во согласност со член 168 ставовите (2) и (3) од ЗИ се протега и спрема новиот сопственик, без оглед на основот на стекнување на сопственост, што значи дека забраната која извира од прибелешката на налогот за извршување има правно дејство и спрема новиот сопственик. Наведеното особено ако се има во предвид дека сопственоста на недвижноста стекната дури и со одлука на суд, не може да се спротивстави на правото на оној што, потпирајќи се во запишаното во јавната книга, во добра верба го запишал своето право на недвижноста уште додека не било запишано правото кое е стекнато со одлука на судот, сето тоа во смисла на член 155 став (2) од Законот за сопственост и други стварни права.

СТРУЧЕН СОВЕТ НА НКРСМ
Претседател
Нотар Марјан Коцевски с.р.

Во согласност со член 21 став (3) од Правилникот за работа на Стручниот совет на Нотарската комора на Република Македонија, Стручниот совет на Нотарска комора на Република Северна Македонија на седницата одржана на ден 22.6.2021 година, едногласно го усвои и Управниот одбор на Нотарската комора на РМ, на седницата одржана на ден 26.8.2021 година, едногласно го потврди следното

# ПРАВНО МИСЛЕЊЕ

**1. Во постапка пред нотар, за составување на нотарска исправа или заверка, валиден документ со кој се утврдува идентитетот на учесникот (физичко лице) е ВАЖЕЧКА ЛИЧНА КАРТА или ПАТНА ИСПРАВА, во согласност со член 57 став (1) од Законот за нотаријатот.**

**Ако идентитетот не може да се утврди на овој начин или ако нотарот се посомнева во идентитетот на учесникот, тогаш идентитетот ќе биде посведочен од двајца сведоци кои ги исполнуваат законските услови да бидат сведоци. Сведоците мора да се легитимираат со ВАЖЕЧКА ЛИЧНА КАРТА или ПАТНА ИСПРАВА и пред нотарот да изјават дека лично го познаваат учесникот.**

**2. Доколку во постапките од точка 1, како учесник се јавува странско (физичко) лице, валиден документ со кој се утврдува неговиот идентитет, претставува:**

**- Патна исправа на државата чиј државјанин е,**

**- патна исправа за странци,**

**- дозвола за престој (постојан или привремен),**

**- дипломатска лична карта,**

**- службена лична карта,**

**- конзуларна лична карта,**

**- специјална лична карта или**

**- со друга јавна исправа која содржи фотографија од која може да се утврди неговиот идентитет.**

**Исправите за докажување на идентитет на странец се издаваат и се регулирани со член 181 став (1) од Законот за странци.**

## О б р а з л о ж е н и е

До Стручниот совет на Нотарската комора, е доставено прашањето: Дали при составување на нотарска исправа или заверка на потпис или ракознак на странка, која е странско лице, идентитетот може да се утврдува врз основа на издадена дозвола за престој во Република Северна Македонија или друг документ?

За ова правно прашање, донесено е Правно мислење од Стручниот совет на 5.12.2014 година и усвоено од Управниот одбор, но по анализа на наведеното правно прашање и релевантната правна регулатива, Стручниот совет го дополни, прецизира и утврди горенаведеното правно мислење од следните причини:

Според член 57 став (1) од Законот за нотаријатот (Сл. весник на РМ бр. 72/16, 142/16 и 233/18), нотарот идентитетот на учесникот ќе го утврди врз основа на важечка лична карта или патна исправа. Ако тоа не е можно, или ако нотарот се посомнева во неговиот идентитет, тогаш идентитетот ќе биде посведочен од двајца сведоци кои ги исполнуваат законските услови да бидат сведоци. Сведоците мора да се легитимираат со важечка лична карта или патна исправа и пред нотарот да изјават дека лично го познаваат учесникот. Според ставот (2) од овој член, во нотарската исправа нотарот ќе наведе на кој начин го утврдил идентитетот на учесникот, со наведување на името, презимето, датумот и местото на раѓање, живеалиштето, единствениот матичен број, односно друг идентификационен број за учесникот, датумот и бројот на исправата употребена за утврдување на идентитетот и органот кој ја издал исправата.

Според членовите 55 став (4) и 65 став (1) точка г) од Законот за нотаријатот, при потврдување на приватна исправа (солемнизација) или составување на нотарски акт, меѓудругото, нотарот во нив треба да внесе изјава за начинот на кој го утврдил идентитетот на учесниците.

Според членот 86 став (2) од овој закон, во постапката за заверка на потпис или ракознак, идентитетот на странката се утврдува во согласност со одредбите од овој закон, односно според членот 57 став (1) од Законот за нотаријатот.

Според член 9 став (1) Рубрика 3 алинеја 1) од Правилникот за видот, содржината, формата, начинот на водењето на актите, уписниците, книгите и имениците на нотарот, помошните книги, начинот на примање и чување на нотарските исправи и предметите од вредност и нивното издавање и преземање, начинот на чување и обновување на нотарските списи и исправи, начинот на архивирање и организирањето на архивирањето, како и преземање на други формални дејства (Сл. весник на РМ бр. 226/16, 80/2017 и 110/2018), за потврдена приватна исправа или составен нотарски акт во кои како учесник се јавува физичко лице се внесува име, презиме, адреса и единствениот матичен број, а доколку учесник е странско лице, при уписот не се внесува матичен број, доколку тој не е содржан во документот за идентификација.

Според членот 21 став (1) Рубрика 3 алинеја 3) од истиот Правилник, за заверка на потпис или ракознак на физичко лице се внесува името, презимето, адресата и матичниот број на лицето што побарало заверка на потпис или ракознак, а според алинеја 5) за заверка на странски лица, при заверката не се впишува матичен број доколку тој не е содржан во документот за идентификација.

Докажувањето на идентитет на странец е уредено во член 181 став (1) од Законот за странци (Сл. весник на РМ бр. 97/18 и 108/19), според кој странецот го докажува својот идентитет со: патна исправа на државата чиј државјанин е, патна исправа за странци, дозвола за престој, дипломатска, службена, конзуларна или специјална лична карта или со друга јавна исправа која содржи фотографија од која може се утврди неговиот идентитет.

Од тука следува заклучокот дека, во постапка пред нотар, за составување на нотарска исправа или заверка, валиден документ со кој се утврдува идентитетот на учесникот, кој е странско (физичко) лице, преставуваат исправите за докажување на идентитет на странец, кои се издаваат и се регулирани со Законот за странци.

Ова правно мислење не се однесува на постапката за нотарски платни налози каде нотарот не утврдува идентитет на учесници, ниту пак на оставинска постапка во која се применуваат одредбите на ЗВП и ЗПП.

СТРУЧЕН СОВЕТ НА НКРСМ
Претседател
Нотар Марјан Коцевски с.р.

Во согласност со член 21 став (3) од Правилникот за работа на Стручниот совет на Нотарската комора на Република Македонија, Стручниот совет на Нотарска комора на Република Северна Македонија на седницата одржана на ден 22.6.2021 година, едногласно го усвои и Управниот одбор на Нотарската комора на РМ, на седницата одржана на ден 26.8.2021 година, едногласно го потврди следното

# ПРАВНО МИСЛЕЊЕ

**Кога нотарот по издавање на решението за нотарски платен налог, утврдил дека всушност должникот - физичко лице не е државјанин на РСМ и дека нема живеалиште, односно престојувалиште, ниту привремен престој на територијата на државата, односно дека нотарот не бил стварно надлежен за издавање на решението за нотарски платен налог во смисла на член 68 став (1) од Законот за нотаријатот, нотарот ќе донесе решение** ***со кое ќе се огласи како ненадлежен, ќе го укине решението за издавање на нотарски платен налог и по правосилноста на решението за ненадлежноста, ќе му го отстапи предметот на надлежниот суд КАКО НЕДОПУШТЕН во согласност со член 71 став (8) од Законот за нотаријатот в.в. член 426 став (1) од Законот за парничната постапка.***

## Образложение

До Стручниот совет на Нотарската комора, е доставено прашањето: Како да постапи нотар кога му е поднесен предлог за издавање на нотарски платен налог, донесено е решение, но бидејќи доставата не е уредна, нотарот се обратил до МВР од каде добил одговор дека лицето не е државјанин на РМ?

При усвојувањето на Правното мислење, Стручниот совет се раководи со следното:

Во согласност со член 68 став (1) од Законот за нотаријатот („Службен весник на РМ" број 72/16, 142/16 и 233/18), предлог за издавање на решение за нотарски платен налог врз основа на веродостојна исправа се поднесува до нотарот на чие подрачје е живеалиштето, односно престојувалиштето на должникот-физичко лице, односно седиштето на должникот-правно лице.

Ваквата законска одредба ја дефинира месната надлежност на нотарите во постапка по предлог за издавање на решение за нотарски платен налог и таа е детерминирана исклучиво според подрачјето на кое должникот има живеалиште или престојувалиште за физички лица, односно седиште за правни лица. Од друга страна, стварната надлежност на нотарите во постапка по предлог за издавање на решение за нотарски платен налог не е регулирана со посебна законска одредба од Законот за нотаријатот, но посредно извира од одредбата на член 71 став (8) од овој закон, каде е утврдена должноста на нотарот да го препрати предметот до надлежен суд за натамошно постапување и одлучување како да е поднесена тужба, меѓудругото и во случај кога ќе утврди дека предлогот не е допуштен. Со други зборови, во случај на недопуштен предлог за издавање на решение за нотарски платен налог, стварно надлежен за натамошно постапување е само судот, а не и нотарот.

Поаѓајќи од наведеното, доколку доверителот во предлогот навел адреса на должникот во Република Северна Македонија, нотарот на чие подрачје е живеалиштето, односно престојувалиштето на должник-физичко лице, ќе издаде решение за нотарски платен налог. Доколку доставата за

должникот на наведената адреса од предлогот не е уредна, нотарот ќе се обрати до МВР, а по воспоставувањето до Централниот регистар на население, со барање податок за адресата на која е запишано живеалиштето, односно престојувалиштето на должникот.

Во случај на добиен одговор од страна на МВР, односно од Централниот регистар на население дека должникот не е државјанин на Република Северна Македонија, нотарот повторно ќе се обрати до МВР, односно Централниот регистар на население и ќе побара податок дали должникот-странец има пријавено привремен престој во Република Северна Македонија и на која адреса. Ако добие потврден одговор и податок за адреса на престојувалиште, нотарот ќе ја продолжи постапката и ќе ја изврши доставата на таа адреса. Меѓутоа, ако нотарот добие одговор дека должникот-странец нема престојувалиште во Република Северна Македонија, произлегува дека предлогот за издавање на решение за нотарски платен налог всушност не бил допуштен и нотарот не бил стварно надлежен за издавање на решението за НПН. Во недостаток на одредби од Законот за нотаријатот кои би ја регулирале ваквата правна ситуација, нотарот треба супсидијарно да ги примени одредбите од Законот за парничната постапка, што е во согласност со член 81 од Законот за нотаријатот.

Имено, во согласност со член 426 став (1) од Законот за парничната постапка, ако судот по издавањето на судскиот платен налог се огласи како стварно ненадлежен, ќе го укине судскиот платен налог и по правосилноста на решението за ненадлежноста ќе му го отстапи предметот на надлежниот суд.

Оваа одредба треба да се примени во корелација со одредбата од член 71 став (8) од Законот за нотаријатот, според која, ако нотарот оцени дека предлогот за издавање на решение за нотарски платен налог не е допуштен или не е основан, ќе го препрати предметот до надлежниот суд за натамошно постапување и одлучување како да е поднесена тужба.

Со оглед дека во конкретниот случај станува збор за правна и фактичка ситуација кога нотарот по издавање на решението за нотарски платен налог, утврдил дека всушност должникот-физичко лице не е државјанин на РСМ и дека нема живеалиште, односно престојувалиште, ниту привремен престој на територијата на државата, односно дека нотарот не бил стварно надлежен за издавање на решението за нотарски платен налог во смисла на член 68 став (1) од Законот за нотаријатот и на цитираните законски одредби, нотарот ќе донесе решение со кое ќе се огласи како ненадлежен, ќе го укине решението за издавање на нотарски платен налог и по правосилноста на решението за ненадлежноста, ќе му го отстапи предметот на надлежниот суд.

Прилог на ова Правно мислење е и терк на решение за начинот на постапување на нотарот.

СТРУЧЕН СОВЕТ НА НКРСМ
Претседател
Нотар Марјан Коцевски с.р.

Во согласност со член 21 став (3) од Правилникот за работа на Стручниот совет на Нотарската комора на Република Македонија, Стручниот совет на Нотарска комора на Република Северна Македонија на седницата одржана на ден 22.6.2021 година, едногласно го усвои и Управниот одбор на Нотарската комора на РМ, на седницата одржана на ден 26.8.2021 година, едногласно го потврди следното

# ПРАВНО МИСЛЕЊЕ

## I.

**1. Во согласност со член 149 од Законот за нотаријатот, а во врска со член 33 став (1) од Законот за вонпарничната постапка, кога нотарот, како повереник на судот, постапува во оставинска постапка, на соодветен начин ги применува одредбите од Законот за парничната постапка и Судскиот деловник.**

**2. Во согласност со член 326 став (2) од Законот за парничната постапка и член 131 став (1) од Судскиот деловник, изворникот на оставинското решение е оригиналот, составен со содржина во согласност со членот 177 став (1) од Законот за вонпарничната постапка, кој е потпишан од нотарот и останува здружен во списи на предметот.**

**3. Во согласност со член 326 став (3) од Законот за парничната постапка и член 133 став (3) од Судскиот деловник, до учесниците во оставинската постапка се доставува заверен препис од изворникот на оставинското решение со поука за право на приговор во согласност со членот 127 став (1) од Законот за вонпарничната постапка.**

**Преписот на изворникот на решението содржи штембил од членот 135 став (2) алинеја 3) од Судскиот деловник, за точноста со преписот, потврден со потписот од нотарот или овластениот работник, а во согласност со членот 138 на преписот се става тркалезен печат на нотарот на секоја страница во горниот десен агол.**

**Доколку преписите на изворникот на решението ги потпишува нотарот, тогаш се става само потписот и тркалезниот печат на нотарот.**

**Штембилот за точност со преписот ќе се користи само во ситуациите кога друго лице е овластено во нотарската канцеларија да потпишува препис на изворник на решението.**

**4. Прашањето на печатите и штембилите со кои располага нотарот е уредено со Правилникот за формата и содржината на службениот печат, сувиот жиг, жигот за восок и штембилите на нотарот, како и начинот на нивното издавање, замена, одземање и поништување. Меѓутоа, кога нотарот постапува како повереник на судот во смисла на точка 1) од Правното мислење, има законско овластување, но и обврска, да располага со штембилите кои се утврдени со Судскиот доловник, а тоа значи и со штембилот за „точноста со преписот“ со димензии 50x20 мм, кој се става на преписот на изворникот на решението во согласност со точка 3) од Правното мислење.**

**6. Потврда на точност со препис**

Точноста на преписот ја потврдува
Судски службеник
________________________

**Формат: (50x20мм)**

**II.**

**1. Доставата на решението за наследување или друго решение донесено во текот на постапката за расправање на оставина, има карактер на лична достава од член 137 став (1) од Законот за парничната постапка, а во врска со членот 33 став (1) од Законот за вонпарничната постапка.**

**2. Бидејќи во согласност со член 147 став (2) од Законот за нотаријатот, при расправањето на оставината задолжително е присуство на адвокат, во својство на полномошник на секој од учесниците, доставата на решението за наследување, или друго решение донесено во текот на постапката (на пример, за прекин на постапката и др.), се врши до адвокатот кој учествува во постапката, а во согласност со членот 134 може да се изврши и со предавање на писменото на лицето кое извршува какви било работи во неговата адвокатска канцеларија.**

**3. Ако учесникот во постапката за расправање на оставина има повеќе полномошници - адвокати, во согласност со членот 133 став (2) од Законот за парничната постапка, доволно е доставувањето да се изврши само до едниот од нив.**

**4. Ако повеќе учесници во постапката за расправање на оставина имаат заеднички полномошник - адвокат, доставата на еден примерок од решението за наследување се врши до заедничкиот полномошник - адвокат.**

**5. Во случај кога решението за наследување е донесено во согласност со членот 171 став (3) од Законот за вонпарничната постапка, во отсуство на учесниците (еден или повеќе) во постапката за расправање на оставина, а уредно се повикани, решението за наследување се доставува до секој учесник поодделно во согласност со членот 137 став (2) од Законот за парничната постапка.**

## Образложение

До Стручниот совет на Нотарската комора, доставено е следното прашање: колку примероци од решението за наследување, нотарот е должен да издаде на учесниците во постапката за расправање на оставина?

При утврдување на Правното мислење, Стручниот совет се раководи со следното:

Правното мислење во став I точка 1) до 4) се однесува на административно постапување на нотарот во постапката за расправање на оставина и на подетален начин го уредува тоа прашање.

Во согласност со член 149 од Законот за нотаријатот (Сл. весник на РМ бр. 72/16, 142/16 и 233/18), а во врска со членот 33 став (1) од Законот за вонпарничната постапка (Сл. весник на РМ бр. 9/08), нотарот во постапката за расправање на оставина соодветно ги применува одредбите од Законот за парничната постапка (Сл. весник на РМ бр. 79/05, 110/08, 83/09, 116/10 и 124/15) и Судскиот деловник (Сл. весник на РМ бр. 66/13 и 114/14).

Во согласност со член 326 став (2) и член 131 став (1) од Судскиот деловник, решението за наследување, со содржина во согласност со член 177 став (1) од Законот за вонпарничната постапка, кое го потпишува нотарот, претставува оригинал за разлика од нотарската исправа која останува во списите на предметот и се именува како изворник.

До учесниците во постапката за расправање на оставина, во согласност со член 326 став (3) од Законот за парничната постапка, во рок од осум дена од денот на писмената изработка на решението, се доставува заверен препис на решението за наследување со поука за правото на изјавување на приговор против решението.

Покрај нотарот, преписот на изворникот може да го изготви и друго лице во нотарската канцеларија, кое таквото овластување го има по Законот за нотаријатот. Преписот на оригиналот на решението содржи штембил од членот 135 став (2) алинеја 3) од Судскиот деловник, со содржина како во точка I/4 од Правното мислење. Без оглед на тоа што ваков штембил не е предвиден со Правилникот за формата и содржината на службениот печат, сувиот жиг, жигот за восок и штембилите на нотарот, како и начинот на нивното издзвање, замена, одземање и поништување (Сл. весник на РМ бр. 226/16 и 171/19), бидејќи нотарот постапува како повереник на судот, има обврска да располага со таков штембил, што е во согласност со членот 149 став (1) од Законот за нотаријатот.

Со ставот II точка 1) до 5) од Правното мислење, се уредува прашањето на доставата на решението за наследување и други решенија кои ги донесува нотарот во текот на постапката за расправање на оставина, со укажување дека станува збор за лична достава во согласност со членот 137 став (1) од Законот за парничната постапка. Потоа се уредува прашањето и на други прашања поврзани со доставата до полномошниците на учесниците – адвокати. Исто така, се уредува дека кога повеќе учесници во постапката за расправање на оставина имаат заеднички полномошник - адвокат, тогаш доставата се врши до заедничкиот  полномошник – адвокат, при што му се доставува само еден примерок од решението за наследување, без оглед на бројот на учесниците што ги застапува.

СТРУЧЕН СОВЕТ НА НКРСМ
Претседател
Нотар Марјан Коцевски с.р.

Во согласност со член 21 став (2) од Правилникот за работа на Стручниот совет на Нотарската комора на Република Македонија, Стручниот совет на Нотарска комора на Република Северна Македонија на седницата одржана на ден 19.3.2021 година и продолжението на 30.3.2021 година, едногласно го усвои и Управниот одбор на Нотарската комора на РМ, на седницата одржана на ден 26.8.2021 година, едногласно го потврди следниот

# ЗАКЛУЧОК

**Не е во согласност со членовите 39 став (2) и 85 од Законот за нотаријатот и член 19 од Правилникот за формата, начинот на пишување и обележување на нотарските исправи и заверки и начинот на означувањето и поврзувањето на страниците на нотарските исправи, при заверка на превод, нотарот напоредно со впишаниот штембил за заверка на превод (Образец бр. 11), напишан на македонски јазик и неговото кирилско писмо, да ја впишува содржината на штембилот за заверка на превод и на странски јазик и така содржината на двата штембила да ја потврдува со својот службен печат и потпис**

## Образложение

Според членот 39 став (2) од Законот за нотаријатот (Сл. весник на РМ бр. 72/16, 142/16 и 233/18), нотарските исправи **и заверки се пишуваат на македонски јазик и на неговото кирилско писмо**, по правило со електронски уред за пишување на текст, кој обезбедува трајност на исправата, според членот 85 став (1), нотарот кој е и судски преведувач ќе потврди дека преводот е извршен од него како овластен судски преведувач, а според ставот (4) нотарот својата потврда ќе ја стави на преводот на исправата, кој ќе го спои со фотокопија од преведената исправа.

Според член 15 став (7) од Законот за нотаријатот, формата и содржината на службениот печат, сувиот жиг, жигот за восок и штембилите на нотарот ги пропишува министерот за правда со Правилникот за формата и содржината на службениот печат, сувиот жиг, жигот за восок и штембилите на нотарот, како и начинот на нивното издавање, замена, одземање и поништување (Сл. весник на РМ бр. 226/16 и 171/19), во кој со член 7, покрај останатите штембили се предвидува и штембилот за заверка на превод (Образец бр. 11).

Според член 19 од Правилникот за формата, начинот на пишување и обележување на нотарските исправи и заверки и начинот на означувањето и поврзувањето на страниците на нотарските исправи (Сл. весник на РМ бр.226/16), заверка на превод се врши со ставање на штембил за заверка на превод или со испишување на содржината на штембилот на компјутер, на машина за пишување или со друго механичко средство за пишување (Образец бр. 11 од ППЖШ).

**Тоа значи дека ставањето на штембилот за превод, изготвен на странски јазик, покрај штембилот изготвен на македонски јазик и неговото кирилско писмо, не е во согласност со понапредцитираните законски и подзаконски одредби.**

СТРУЧЕН СОВЕТ НА НКРСМ
Претседател
Нотар Марјан Коцевски с.р.

Во согласност со член 18 од Правилникот за работа на Стручен совет, а во врска со прашањето дали нотарот смее да завери потписи на преддоговор за продажба на стан доколку има хипотека на станот, а притоа нема согласност од хипотекарниот доверител за склучување на преддоговорот, поставено со цел за воедначено постапување на нотарите, Стручниот совет Нотарска комора на РСМ, на 3– та седница одржана на ден 26.8.2020 година, едногласно го донесе, а Управниот одбор на Нотарска комора на РСМ на седницата одржана на ден 12.2.2021 година, со мнозинство гласови го потврди следниот

# З А К Л У Ч О К

**1. Во член 37 од Законот за облигационите односи (Сл. весник на РМ бр. 18/01........123/13) е уреден преддоговорот, кој е таков договор со кој се презема обврска да се склучи подоцна друг, главен договор.**

**2. Во член 23 став (1) алинеја 9 од Законот за договорен залог (Сл. весник на РМ бр. 5/03........61/16) е уредено дека договорот за залог меѓудругото содржи и кој било друг релевантен факт, вклучувајќи какво било ограничување на правото на пренос на залогот или правото на употреба или отуѓување на предметот на залогот.**

**3. Во член 142 од Законот за катастар на недвижности (Сл. весник на РМ бр. 55/13.........124/19) е уредено начелото на задолжително запишување според кое запишувањето на правото на сопственост и другите стварни права на недвижностите во катастарот на недвижности е задолжително, а запишувањето на другите права на недвижностите, предбележувањето, како и прибележувањето на факти од влијание за недвижностите, во случаите кога тоа е предвидено со овој или со посебен закон, а во член 145 е уредено начелото на точност и верба во запишаното, односно податоците во катастарот на недвижностите се сметаат за точни, па совесното лице кое верувало на запишаното во катастарот на недвижности, не знаејќи дека она што е запишано е неточно или нецелосно, нема да трпи штетни последици.**

**4. Во член 150 од Законот за сопственост и други стварни права (Сл. весник на РМ бр. 18/01.......35/10) е уредено начелото на верба во јавната книга, според кое се смета дека јавната книга за запишување на правата на недвижностите вистинито и точно ја одразува фактичката и правната состојба на недвижноста, па оној што во добра верба се потпирал на запишаното во јавната книга, незнаејќи дека она што е запишано во неа не е точно или дека е различно од состојбата надвор од јавната книга, има и право на заштита според одредбите предвидени со закон. Недостигот на добра верба не може да му се префрли никому поради тоа што не ја испитувал состојбата надвор од запишаното во јавната книга.**

**5. Во согласност со цитираните законски одредби, Стручниот совет заклучи дека во конкретната ситуација, кога се заверуваат потписи на преддоговор за продажба на стан на кој е ставена хипотека, нотарот треба да постапи на следните начини:**

**- доколку сопственоста (станот) е заложена (ставена под хипотека) и во Имотниот лист покрај запишаната хипотека е прибележана и забрана за пренос или отуѓување, тогаш нотарот ТРЕБА ДА ПОБАРА од странките при заверката на потписите на преддоговорот да достават и согласност од хипотекарниот доверител, од причини што запишаната забрана во јавната книга има правно дејство erga omnes, и**

- доколку пак во Имотниот лист е запишана само хипотеката, а не е прибележана и забрана за пренос или отуѓување, а нотарот не е запознаен дека постои таква забрана, во таков случај нотарот НЕ МОРА ДА БАРА странките да му достават согласност од хипотекарниот доверител при заверување на потписи на преддоговор за продажба.

Ова од причини што се работи за дејствија на нотарот преземени согласно член 86 од Законот за нотаријатот, според кој нотарот само ги заверува потписите на странките а не навлегува во содржината на правното дело.

Во секој случај, нотарот може да ги посоветува странките дека во преддоговорот може да се стави одредба дека конечниот договор ќе биде склучен под услов да не постои забрана за пренос или отуѓување, со што се отстрануваат сите дилеми во врска со барањето на согласност од хипотекарниот доверител.

СТРУЧЕН СОВЕТ НА НКРСМ
Претседател
Нотар Марјан Коцевски с.р.

# ГЛАВА IV

## ЈАВНИ ОПОМЕНИ

## ДП. бр. 3/20

Нотарската комора на Република Северна Македонија, согласно со член 139 став (2) и 146 став (1) од Законот за нотаријатот („Сл. весник на РМ" бр. 72/16, 142 и 233/18), **објавува** дека со конечното решение на Дисциплинскиот совет при Нотарската комора на Република Северна Македонија, Д.П.бр.3/20 од 30.9.2021 година, спрема нотарот И. Ј. за подрачје на Основните судови на градот Скопје за сторена дисциплинска повреда од член 139 став (1) алинеја 5) од Законот за нотаријатот - „непридржување кон законските одредби во однос на формата на нотарската исправа" за кои е изречена единствена дисциплинска мерка – **јавна опомена**.

НОТАРСКА КОМОРА НА
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Претседател
Методија Ристоски с.р.

## ДП. бр. 8/20

Нотарската комора на Република Северна Македонија, согласно со член 139 став (2) и 146 став (1) од Законот за нотаријатот („Сл. весник на РМ“ бр. 72/16, 142 и 233/18), **објавува** дека со конечното решение на Дисциплинскиот совет при Нотарската комора на Република Северна Македонија, Д. П. бр.8/20 од 25.5.2020 година, спрема нотарот Г. М. за подрачје на Основниот суд во С. поради сторена дисциплинска повреда од член 139 став (1) алинеја 5) од Законот за нотаријатот -„непридржување кон законските одредби во однос на формата на нотарската исправа“ за кои е изречена дисциплинска мерка – **јавна опомена**.

НОТАРСКА КОМОРА НА
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Претседател
Методија Ристоски с.р.

# ГЛАВА V

## ИНФОРМАЦИИ ЗА НОТАРИ


НОТАРСКА КОМОРА
НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
CHAMBRE DES NOTAIRES DE LA RÉPUBLIQUE DE MACÉDOINE DU NORD
ИМЕНИК
НА НОТАРИТЕ
Нотарска комора на Република Северна Македонија
1000 Скопје, бул. „8 Септември“ бр. 2
Тел.: +389 2 3115 816
Секретар (лице за контакт): моб.: +389 78 219 867
e-mail: contact@nkrm.mk • www.nkrm.org.mk

## 1000 СКОПЈЕ ++389
## НОТАРИ СО СЛУЖБЕНО СЕДИШТЕ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОСНОВНИТЕ СУДОВИ НА ГРАДОТ СКОПЈЕ

| # | СЛИКА | ИМЕ И ПРЕЗИМЕ | АДРЕСА | ТЕЛ./ФАКС |
|---|---|---|---|---|
| 01 |  | **Анита АДАМЧЕСКА** | Васил Главинов 3-3/2 | 02/3225-365<br>070/740-461<br>anita_notar@yahoo.com |
| 02 |  | **Мајљинда АЈДАРИ** | Крсте Мисирков 918/1/1-8 | 02/3203-907<br>070/374-284<br>majlinda.ajdari@gmail.com |
| 03 |  | **Фатмир АЈРУЛИ** | Ферид Бајрам 48 згр. 1, вл. 1/кат ПР | 02/2656-866<br>076/260-053<br>fatmir.ajruli@nkrm.org.mk<br>fatmirajruli@gmail.com |
| 04 |  | **Анета ПЕТРОВСКА АЛЕКСОВА** | Плоштад Македонија Никола Вапцаров 3/1 | 02/3114-008; 02/3165-018<br>078/307-922; 070/307-922<br>aneta@notari-petrovski.mk<br>beti@notari-petrovski.mk |
| 05 |  | **Башким АМЕТИ** | Ѓорче Петров 33 зграда 1, локал 8 | 02/2051-419<br>070/44 44 00<br>notar.ameti@gmail.com |
| 06 |  | **Ванчо АНДОНОВСКИ** | Кочо Рацин 7А/1-2 | 02/3136-178<br>075/554-433<br>notarandonovski@t.mk<br>backoffice@t.mk |
| 07 |  | **Агрон АРСЛАНИ** | Џон Кенеди 155 влез 002, мезанин 007 | 02/2667-666<br>071/658-555<br>agron.arsllani@nkrm.org.mk<br>notar.agronarsllani@hotmail.com |
| 08 |  | **Елизабета АРСОВСКА** | Божидар Аџија бр. 3/5 | 02/2779-309<br>070/365-502<br>elizabeta.arsovska@yahoo.com |
| 09 |  | **Матилда БАБИЌ** | Партизански одреди 55/1-1 | 02/3246-641<br>070/234-817<br>babicmat@yahoo.com |

| # | СЛИКА | ИМЕ И ПРЕЗИМЕ | АДРЕСА | ТЕЛ./ФАКС |
|---|---|---|---|---|
| 10 |  | **Ана БРАШНАРСКА** | Македонија 31-1/3 | 02/3100-130<br>072/248-915<br>info@notarbrasnarska.mk<br>contact@notarbrasnarska.mk |
| 11 |  | **Снежана БУБЕВСКА** | Јане Сандански 24 локал 5 | 02/2450-004<br>070/223-687<br>snezana.bubevska@nkrm.org.mk<br>notarsb@yahoo.com |
| 12 |  | **Џеват БУЧИ** | Гоце Делчев 11 локал 1А | 02/3228-070<br>070/235-930<br>xhevatbuqi@yahoo.com<br>dzevat.buci@nkrm.org.mk |
| 13 |  | **Сања БОЗОСКА** | Петричка 6/I-4 | 02/5203-800<br>075/324-844<br>notar.bozoska@gmail.com |
| 14 |  | **Сашо ВАСИЛЕВСКИ** | Св. Кирил и Методиј 52 Б/1-3 | 02/3161-110<br>070/237-006<br>sasho.k.vasilevski@gmail.com |
| 15 |  | **Мери ВЕСОВА** | Ѓорче Петров 11 локал 7 | 02/2039-717<br>070/227-557<br>notar_vesova@yahoo.com |
| 16 |  | **Снежана ВИДОВСКА** | Ѓуро Ѓаковиќ 52 | 02/3112-149<br>070/268-552<br>sneze@lawyer.com<br>notarvidovska@gmail.com |
| 17 |  | **Невенка ЗОЈЧЕВСКА ВУЧИДОЛОВА** | Даме Груев 3-5/4" | 02/3115-008<br>075/271-751<br>nevenka.z-vucidolova@nkrm.org.mk |
| 18 |  | **Соња ГАВРОВСКА** | Митрополит Теодосиј Гологанов 20-1/2 | 02/3155-050<br>070/276-791<br>sonja@notargavrovska.mk sonja.gav-rovska@nkrm.org.mk |
| 19 |  | **Владимир ГОЛУБОВСКИ** | МАНАПО 2 локал 70 | 02/3075-066<br>vladimir.golubovski@nkrm.org.mk |

| # | СЛИКА | ИМЕ И ПРЕЗИМЕ | АДРЕСА | ТЕЛ./ФАКС |
|---|---|---|---|---|
| 20 |  | **Андријана<br>ЃОРЃЕСКА** | Видое Смилевски Бато<br>22/2-3 | 02/6154-941<br>076/440-014<br>an_gjorgjeska@hotmail.com |
| 21 |  | **Олга<br>ДИМОВСКА** | 50 Дивизија 33<br>локал 2 | 02/3121-361<br>070/266-258<br>notarolga@t.mk |
| 22 |  | **Ана<br>ДОЈЧИНОВСКА** | Кеј 13-ти Ноември<br>2-2 кат 3<br>ГТЦ | 02/3170-975<br>075/405-666<br>kontakt@notardojchinovska.mk<br>ana.dojcinovska@nkrm.org.mk |
| 23 |  | **Весна<br>ДОНЧЕВА** | Даме Груев 28/1 | 02/3212-101; 02/3212-102<br>070/384-859<br>vesna.donceva@nkrm.org.mk<br>vesnanot@yahoo.com |
| 24 |  | **Симон<br>ЗАФИРОСКИ** | 11 Октомври 19<br>влез 2 бр. 1 | 02/3213-830<br>072/211-903<br>notar.simonzafiroski@gmail.com |
| 25 |  | **Махир<br>ЗИБЕРИ** | Бутелска 4 | 02/2616-440<br>072/732-512<br>mahir.ziberi@hotmail.com |
| 26 |  | **Драган<br>ИВАНОВ** | Ѓуделхиска<br>6/1 А-2 | 02/3073-777<br>070/400-019<br>notardraganivanov@t.mk |
| 27 |  | **Нерџиван<br>ИДРИЗИ** | Даме Груев<br>7/7/3 | 02/3112-006<br>070/245-426<br>nerdzivan.idrizi@nkrm.org.mk<br>notarnerdzivan@gmail.com |
